КЛИМАТСКА БЕЗБЕДНОСТ | ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ВОЕН ХЕЛИКОПТЕР „Н225М“ | „ХОБАРТОВИТЕ ЧУДЕСИИ“ | МУЗЕЈ НА ОКЛОПНИ ВОЗИЛА – „АРСЕНАЛЕН“

# ШТИТ

Број 164
јуни 2023

ISSN 1857-6710

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




## МОДЕРНИЗАЦИЈАТА НА АРМИЈАТА ПРОДОЛЖУВА

### 26 нови JLTV оклопни возила за потребите на Армијата




# Одбележан Денот н

Со воена свеченост во касарната „Илинден“ беше одбележан 20 мај – Денот на Логистичката база на Армијата на Република Северна Македонија, која обезбедува логистичка поддршка на командите и единиците на Армијата. На свеченоста, пред припадниците на единицата, се обратија заменикот на министерката за одбрана Тирон Јаjага, заменикот на началникот на ГШ генерал-мајор Азим Нуредин и командантот на Логистичката база полковник Мухарем Мухареми. Заменикот на министерката за одбрана, Тирон Јаjага, во своето обраќање по повод Денот на единицата, упати честитки до сите припадници и ја истакна улогата на Логистичката база како еден од главните столбови во функционирањето на Армијата, единица која ефективно и ефикасно дава јасна поддршка на сите останати субјекти во Армијата како командите, единиците кои се упатуваат во мировни мисии, на јужната граница, при изведување вежбовни активности, но и давање на логистичка поддршка на останатите институции и цивилното население. „Лично бев убеден, а сега веќе знам дека во Логистичката база има искусен, совесен и вреден кадар, кој со своето знаење, искуство и посветеност во работата ќе се справи со сите предизвици кои се очекуваат и во периодот кој претстои. Да продолжите со вашата посветеност, бидејќи успехот на вашата команда подразбира успех на целата наша Армија“, рече Јаjага. Генералот Нуредин, по историскиот осврт по повод Денот на единицата, упати честитки и



# а Логистичката база

им оддаде признание на припадниците на ЛБ, потенцирајќи дека посветеноста, капацитетот и професионалноста се препознаени преку поддршката која ја даваат на редовните активности на единиците на Армијата, составите кои се упатуваат во операциите предводени од НАТО, ЕУ И ОН, како и меѓународните вежби. Притоа, им оддаде признание за непречената логистичка поддршка за најголемата меѓународна вежба оваа година „Брз одговор 23“, која ќе се реализира од 22 мај до 2 јуни на армискиот полигон „Криволак“. Командантот на Логистичката база, полковник Мухарем Мухареми во својот говор ги истакна реализираните и актуелните задачи кои припадниците на оваа единица ги извршуваат со максимална посветеност, притоа додавајќи дека брзото и навремено распоредување на силите подразбира ефективна и сеопфатна логистичка поддршка, која е од витално значење за успешно исполнување на оперативните амбиции и цели на борбените единици. Во рамки на свеченоста, на припадниците на единицата кои постигнале забележителни резултати во работата, им беа соопштени стимулативни мерки. На свеченоста присуствуваа и државниот секретар во Министерството за одбрана Владимир Анчев, директорот на Генералштабот бригаден генерал Симеон Трајковски, команданти на единиците во Армијата, претставници од Генералштабот, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и од цивилните структури со кои соработува единицата.

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
Тони Јаневски, полковник

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова-Христова
м-р Здравко Јаковлевски
Никола Митровски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Зоран Додевски, полковник во пензија
Билјана Блажеска, полковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)
Александар Атанасов
(технички уредник на овој број)

Печати:
„Европа 92 ДООЕЛ Кочани“




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во месецот и на web-страницата на Министерството за одбрана
https://mod.gov.mk/штит





12
**Под знамето на ОН**
**Климатска безбедност (2)**



24
**Историскиот развој на Првата пешадиска бригада (1. пбр)**

# содржина

ШТИТ | година XV | број 164 | јуни 2023

НАТО активности
**Мултинационална соработка во НАТО (2)** ........ 8

Родова перспектива
**Улогата на жените во енергетските одлуки** ........ 14

Иновации
**Вештачка интелигенција: Иднината е тука!** ........ 16

Глобал
**Транзициска правда: Случај Аргентина: Соочување со злосторничкото минато (2)** ........ 17

Воена едукација
**Прагматика во военото лидерство** ........ 20

Низ воената историја
**Советско – авганистанска војна 1979-1989: причини и последици (1)** ........ 23

Вооружување
**„AMX 10RC“ – француско оклопно извидувачко возило на тркала** ........ 36

**Самооден повеќецевен ракетен лансирен систем БМ-27„Ураган“** ........ 44

Аеродневник
**Територијална воздушна одбрана** ........ 47

Незадолжително
**Мамеле, мамиме, нè мамат** ........ 52

Уметниците и војната
**Отон Ивековиќ – сликар на хрватската национална историја** ........ 54

Филм
**„Чај со Мусолини“ Уметноста и културата во време на војна** ........ 56



34
**Хеликоптер „Enstrom 480“**



38
**„Lavochkin La-5“.**

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

КОН ОВОЈ БРОЈ

# *Модернизацијата на Армијата продолжува*

*Република Северна Македонија оваа година е домаќин на големата мултинационална вежба „Брз одговор 23“, која се одржува на армискиот полигон „Криволак“. Вежбата е организирана од Командата на Армијата на САД за Европа и Африка, а во нашата земја на вежбата ќе учествуваат околу 1850 припадници на вооружените сили на 5 земји: 4 сојузници – Северна Македонија, САД, Албанија и Црна Гора и една партнерска земја – Косово. Како земја членка на НАТО на оваа вежба имаме можност да ѝ покажеме и на нашата јавност и на земјите сојузнички во Алијансата дека нашата армија незапирливо се движи напред, дека во изминатиот период успеавме да оствариме најголем дел од нашите обврски и кон Алијансата и кон припадниците на Армијата и дека сме целосно подготвени и интероперабилни со армиите на земјите сојузнички. Во изминатиот период интензивно се посветивме на модернизацијата на армиските капацитети, подобрувањето на стандардот на армиските припадници и континуираниот раст на одбранбениот буџет, што ни беше императив со зачленувањето во најголемиот воено-политички сојуз во светот. Во однос на модернизацијата на Армијата, ќе споменеме дека непосредно пред започнувањето на вежбата, во Солунското пристаниште пристигнаа 26 нови и софистицирани JLTV оклопни возила за потребите на Армијата. По тој повод, министерката за одбрана Славјанка Петровска за јавноста изјави „Испораката на JLTV започна минатата година и тоа е врз основа на повеќегодишен договор со САД кој е склучен пред неколку години, со оној многу добро познат инструмент на јавноста, а тоа е склучување на договорот Влада-со-Влада. Минатата година стигнаа 6, а сега веќе дополнителни 26 возила, а тие се дел од вкупната бројка 88 вакви возила кои во наредниот период треба да пристигнат и тие ќе бидат сместени во касарната во Штип, односно ќе бидат дел од вооружувањето и опремата на Лесната пешадиска бригада“.*
*Она што е значајно за реализацијата на сите проекти за модернизација на Армијата и подигнување на стандардот на припадниците е дека и во наредниот период се проектира буџет за Армијата кој соодветствува на овие потреби. Целта е да се достигне нивото од 2 проценти од БДП до 2024 година, што значи дека и во однос на исполнувањето на заложбите произлезени од Самитот на НАТО во Велс, реално ги остваруваме побарувањата. Министерката Петровка го потврди ова за јавноста истакнувајќи „Одлуката континуирано да се зголемува буџетот за одбраната е резултат и на тоа дека сме искрени во намерата континуирано да инвестираме во одбраната. Оваа година над 33 проценти од одбранбениот буџет се наменети за овие процеси кои ги почнавме за модернизација и остатокот рамномерно се распределува за она што значи потреби на Министерството и на Армијата“.*
*А дека Армијата е меѓу највисоко рангираните институции, во која граѓаните имаат целосна доверба, ја почитуваат и ја сакаат, зборува и фактот дека на „Отворениот ден“ по повод одржувањето на вежбата „Брз одговор 23“, кој се одржа на спортскиот аеродром „Аџи Тепе“ во близина на Куманово, уште во раните утрински часови дојдоа голем број посетители и од поблиските и од подалечните места од државата. Најимпресионирани и најљубопитни беа најмладите кои не можеа да го сокријат задоволството што имаа можност одблиску да ги видат воздухопловите, возилата и вооружувањето, да се фотографираат и да се дружат со армиските припадници.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.

ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk



# Плодна одбранбена соработка

Министерката за одбрана Славјанка Петровска оствари дводневна работна посета на Грција. Во Атина, министерката го посети Меѓународниот саем за одбрана и вооружување DEFEA 23, каде 346 изложувачи од 28 земји прикажаа дел од најновата и најсофистицирана воена опрема. Во рамки на посетата на Грција, министерката Петровска се сретна со министерот за национална одбрана Николаос Панагиотопулос. На средбата министрите Петровска и Панагиотопулос изразија задоволство од одбранбената соработка помеѓу Северна Македонија и Грција, која во последните три години е интензивирана, а стана збор и за процесот на модернизација и капацитетите на воената индустрија на



двете земји. „Бројни се и вежбите и заедничките активности помеѓу армиите на двете држави, каде заедно учествуваме без разлика дали тоа е на билатерално ниво или со повеќе други држави. Со мојот грчки колега зборувавме и за продлабочување на соработката помеѓу двете држави во сегментот на искористување на капацитетите на грчката воена индустрија, а зборувавме и за споделувањето на искуства од користењето на инструментот за набавка на софистицирана опрема преку познатиот инструмент Влада со Влада", рече министерката во изјава за МИА по состанокот. Во контекст на евроинтегративните процеси за земјите од регионот, министерката Петровска се заблагодари за грчката поддршка за членство на Северна Македонија во Унијата и порача дека овој процес мора да се забрза. Министерот Панагиотопулос порача дека Грција цврсто верува во потребата одбранбената соработка да биде на највисоко ниво и ја повтори подготвеноста на Грција за продолжување на заедничките активности на политичко и воено ниво.

# Средба на министерката Петровска со американски конгресмени

Делегација на американски конгресмени, предводена од конгресменот Верн Бјукенен, оствари работна средба со министерката за одбрана Славјанка Петровска. Тема на разговорите беше стратешкото партнерство помеѓу Северна Македонија и САД, одличните билатерални одбранбени односи, осудата на руската агресија врз Украина, безбедноста во регионот и пошироко. „Северна Македонија е посветен сојузник кој цврсто верува во заедништвото и во вредностите кои нè поврзуваат. Соработката со САД, нашиот стратешки партнер со кој развивме стратешки дијалог е на досега највисоко рамниште. Поддршката од САД минатата година достигна близу 50% од националниот буџет за одбрана, што е уште една потврда за долгорочната и одлучна поддршка на стабилноста на Северна Македонија од САД. Стратешкото партнерство и пријателство со САД и нашето инвестирање во опремувањето на Армијата, овозможуваат да се остварат зацртаните проекти на опремување и модернизација и да ги исполниме НАТО целите на способности", рече министерката на средбата. Петровска се заблагодари за долгогодишната поддршка која македонската Армија ја прави



уште посилна, поспособна и опремена со современо вооружување и опрема. Конгресменот Бјукенен, во име на целата делегација ја поздрави континуираната поддршка од Северна Македонија за одбрана на Украина од руската агресија и изрази поддршка за силното партнерство и сојузништво помеѓу двете земји.

# Работилница за изработка на Национална развојна стратегија

Министерката за одбрана Славјанка Петровска учествуваше на Работилницата за изработка на Национална развојна стратегија, чиј фокус беше ставен на заедничката безбедносна политика, новите безбедносни предизвици и чекорите кои мора да ги преземе нашата земја во справувањето со овие предизвици. Работилницата беше организирана од Кабинетот на заменик-претседателот на Владата за економски прашања, Министерството за финансии, Генералниот секретаријат, како и УНДП, Канцеларијата на постојниот координатор на ОН и амбасадите на Обединетото Кралство и на Словачка. Министерката Петровска во своето обраќање истакна дека фактот дека се пристапува кон изработка на ваков тип на стратешки документ е показател за сериозниот пристап на Владата во трасирањето на развојниот пат за државата во следните дваесет години и посочи дека појдовна основа за развој на одбраната и безбедноста е детекцијата на предизвиците со кои се соочуваме. Таа посочи и на дел од актуелните предизвици со кои се соочува Северна Македонија, како и останатите земји од регионот и светот – хибридните тактики на војување, сајбер-заканите, климатските промени, тероризмот, енергетската зависност, растот на цените на храната и енергенсите, растот на инфлацијата, забавениот економски раст, нелегалната миграција од трети земји, растечкиот предизвик од современите разорни технологии, технологиите за двојна употреба и многу други. Во однос на идниот развој, министерката истакна дека е потребно да се изнајдат иновативни решенија и механизми и алатки со кои ќе се сузбијат овие активности и ќе се зголеми отпорноста на општеството, а изработката на Националната развојна стратегија е чекор во таа насока.



# Посетата на адмиралот Џузепе Каво Драгоне

Началникот на ГШ на Вооружените сили на Република Италија, адмирал Џузепе Каво Драгоне престојуваше во официјална посета на Армијата на Република Северна Македонија и Министерството за одбрана. Адмиралот Драгоне оствари средби со НГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски и министерката за одбрана Славјанка Петровска, по што следуваа тематски разговори помеѓу делегациите. На средбата министерката Петровска изрази задоволство поради успешната одбранбена соработка меѓу Северна Македонија и Италија, а посетата на адмиралот ја оцени како извонредна можност за прецизирање на начините на кои таа соработка ќе биде продлабочена. Министерката Петровска и адмиралот Драгоне разговараа за ситуацијата во Украина и го поздравија проширувањето на Алијансата со новата земја членка Финска. Министерката Петровска ја потенцираше важноста на стабилното инвеститање во модернизацијата и опременоста на Армијата, но и во човечките капацитети како бескомпромисна определба за зајакнување на одбраната. Сојузничката соработка во овој контекст во новата безбедносна ситуација во Европа е од огромно значење – се согласија соговорниците. На тематскиот состанок во ГШ, покрај презентирање на мисијата и актуелните процеси согласно новата структура на сили во Армијата, се разговараше и за заедничкото учество во меѓународните операции, можностите за интензивирање на меѓусебната воена соработка со вклучување во штабните структури на НАТО во Италија, можна соработка на полето на специјалните сили, како и учеството во безбедносни иницијативи со поддршка на ВС на Италија. Генералот Ѓурчиновски го истакна значењето на интензивирање на меѓусебната воена соработка и понатамошно развивање на иницијативите иницирани за време на минатогодишната посета на ВС на



Италија. Адмиралот Драгоне ја искажа искажа безрезервната поддршка од ВС на Република Италија за зголемување на нашата интероперабилност и вклучување во активностите на НАТО и безбедносни иницијативи во кои учествува Италија.

# Континуирано унапредување на воената соработка

НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски во рамките на официјалната посета на Република Албанија, оствари средби на највисоко воено и државно ниво на кои се разговараше за меѓусебната воена соработка. По приемот со високи воени почести, во ГШ на ВС и Министерството за одбрана на Република Албанија, генералот Ѓурчиновски имаше одвоени средби со својот домаќин, НГШ на албанските ВС, бригаден генерал Арбен Кинји и со министерот за одбрана Нико Пелеши. На средбата помеѓу началниците беа опфатени повеќе прашања меѓу кои: унапредување на воената соработка преку изведување на заеднички активности, учество во меѓународни операции, актуелните безбедносни предизвици, научени лекции од актуелната безбедносна состојба предизвикана од агресијата над Украина, како и користење на армиските капацитети со кои располагаат двете држави. Меѓусебната воена соработка и нејзиното унапредување како значаен фактор за безбедноста на регионално ниво и пошироко исто така беше тема на разговорите за време на средбата на генералот Ѓурчиновски со министерот за одбрана, Нико Пелеши. Генералот Ѓурчиновски за време на разговорите ја истакна улогата на меѓусебната воена соработка во зацврстување на безбедноста во регионот, но и пошироко со нашето учество и придонес во активностите на НАТО за зајакнато и истурено присуство. Притоа е потврдена заложбата за континуирано унапредување на истата. Генералот Ѓурчиновски при престојот во Албанија оствари средба и со претседателот на Албанија, Бајрам Бегај и ја посети Командата на копнената војска.



# 16. конференција на началниците на ГШ на балканските земји



НГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски учествуваше на 16. конференција на началниците на ГШ на балканските земји (Форум Б-9), која се одржа во Софија, Бугарија. Главна тема на конференцијата беше „Регионалната воена поврзаност и воена мобилност, како фокус во партнерството на Балканот во потрага по иновативни начини на интеграција и соработка“, при што се дискутираше за понатамошно проширување на меѓусебната воена соработка со цел подобрување на регионалната безбедност. Во текот на дискусиите началниците на ГШ ги презентираа и годишните извештаи од постојаните работни групи во областите за асиметрични закани, воено образование, обука и координации, како и предвидените активности за идната година. Генералот Ѓурчиновски се осврна на значењето на овој Форум, кој како еден од столбовите на заедничката воена соработка има значајна улога во регионалната безбедност. Зборувајќи за актуелните безбедносни предизвици ја истакна важноста на унапредување на меѓусебната воена соработка. На завршетокот од Конференцијата, началниците на ГШ со заедничка изјава ја потврдија заложбата за проширување и зајакнување на меѓусебната воена соработка во услови на актуелните безбедносни предизвици, како и за изнаоѓање на начини и можности за унапредување на меѓусебните стратешки активности кои се од интерес за регионалната безбедност. Покрај началникот на Здружениот штаб на Вооружените сили на Бугарија, како домаќин, на Форумот „Б-9“ учествуваат и НГШ на армиите на земјите членки: Северна Македонија, Албанија, Грција, Босна и Херцеговина, Србија, Турција и Црна Гора, а земји набљудувачи Хрватска и Словенија. Специјални гости беа командантот на ВК на ЕУ, и заменик на командантот на Командата на здружените сили на НАТО во Неапол.




# Мултинационална соработка во НАТО (2)

Сојузниците постојано истражуваат нови мултинационални иницијативи за да ги развијат клучните способности што ѝ се потребни на Алијансата за успешно соочување со денешните безбедносни предизвици. Кога станува збор за придонесот во операции и мисии од страна на земјите членки, се работи за обезбедување трупи и за обезбедување опрема и ресурси. Опремата што се користи во операциите и мисиите на НАТО се разликува по големина и цената на чинење со вклучен логистички пакет. Во таа насока, нациите тесно соработуваат на неколку заеднички проекти кои не можат да си ги дозволат поединечно.

**Воздухопловен систем за предупредување и контрола**

Еден од клучните ресурси на НАТО е воздухопловот, односно системот за предупредување и контрола, познат како AWACS (Airborne Warning and Control System). Во воената историја на НАТО, флотата AWACS се издвојува како еден од првиот интегриран проект на воспоставени мултинационални воздухопловни единици. Од своето основање во доцните 1970-ти, флотата AWACS постојано беше дел од воените мисии, а се користеше и за одбрана и обезбедување за време на одржување на големи настани. Ја докажа својата улога како клучна предност во операциите за управување со кризи и за поддршка на мирот. Со цел рано откривање и навремено предупредување, задачата на AWACS е воздушно извидување и надзор. Се користи и како центар за контрола на воздушните операции. Стационирана во воздухопловната база Geilenkirchen Air Base во Германија, флотата Е-3 AWACS се подготвени за секојдневна употреба без ограничувања. Во текот на март 2022 г., Агенцијата за поддршка и набавки на НАТО (NSPA) им додели договори на конзорциумот „Boeing“, тимот на „Airbus“ и „Northrop Grumman“, како и на „General Atomics“ за спроведување студии како дел од Иницијатива за иден надзор и контрола на Алијансата (AFSC). Овие студии ќе помогнат да се редефинираат следните чекори за тоа на кој начин Алијансата ќе спроведува надзор и контрола после планираното пензионирање на сегашната флота на Е-3 AWACS (после 50 години на употреба во службата), а тоа би било во 2035 г.

**Повеќенаменска транспортна способност**

Ваквата способност се реализира преку повеќенаменски авион кој може да служи за транспорт на товар, војници и како танкер за воздушно полнење гориво. Танкерите за полнење гориво (воздух-воздух) се особено критични за проекцијата на воздушната моќ и се од витално значење за поддршка на операциите на НАТО кои бараат подолго време и големи растојанија. Како мултинационална иницијатива, интероперабилноста е од суштинско значење за овој проект. Тој им овозможува на шесте сојузници (Белгија, Чешка, Германија, Луксембург, Холандија и Норвешка) како учесници колективно да

купат авиони од типот „Airbus A330 Multi Role Tanker Transport", како и да основаат флота во мултинационална сопственост и мултинационално управување. Првиот авион беше испорачан во јуни 2020 г., а последната испорака е закажана во 2024 г. Со исклучок на Норвешка, останатите учеснички се членки на ЕУ, што претставува пример за блиската соработка помеѓу НАТО и ЕУ во обезбедувањето на критичните способности. Авионот може да носи до 111 т гориво при реализација на воздушната мисија за полнење гориво, што е најголемиот капацитет во класата на авион-танкер. Клучна карактеристика на централниот систем за воздушно полнење гориво е брзината на проток на горивото. Танкерите можат да бидат опремени со системи со повеќе точки што овозможува два воздухоплови да полнат гориво истовремено. Надвор од основната мисија, авионот може да транспортира персонал и товар, како и да врши мисии за медицинска евакуација (последново се покажа особено вредно за време на пандемијата). Овој мултинационален аранжман на флота е рентабилно и флексибилно решение, како надополнување на европскиот недостиг на капацитети и намаленото потпирање на ресурсите на САД.

**Повеќенаменски поморски воздухоплов**

Иницијативата ја одразува подготвеноста на сојузниците да ги зајакнат европските способности, придонесувајќи за поправедно споделување на товарот во рамките на Алијансата. Заедничкиот поморски воздухоплов би се користел за повеќе намени во делот на поморската одбрана и безбедност. Истиот е од витално значење за НАТО, во насока на обезбедување континуирана свесност за ситуацијата и способностите за противподморничко војување. На 29 јуни 2017 г., шест сојузници на НАТО (Франција, Германија, Грција, Италија, Шпанија и Турција) ја објавија својата подготвеност да работат заедно во развивање и изнаоѓање дополнителни решенија за нивните постоечки поморски и противподморнички, воедно и разузнавачки, надзорни и извидувачки авиони. На церемонијата во Брисел, министрите за одбрана потпишаа Писмо со намери за „Соработка за мултинационални, поморски, повеќенаменски авиони". На 15 февруари 2018 г., Канада и Полска се приклучија на мултинационалните напори за развој на проектот. Како заедничка почетна точка за идните активности за имплементација, сојузниците во рамките на овој проект создадоа заеднички сет на барања. Франција и Германија го направија првиот чекор со развивање на систем за поморско воздушно војување, кој ќе служи и како алатка за поморската ситуациона свест.

**Поморски беспилотни системи**

На Самитот во Брисел во 2018 г., лидерите на НАТО ја потврдија стратешката важност на поморскиот домен и важноста на инвестирањето во нови беспилотни способности. Советодавниот совет за иновации на НАТО за поморски беспилотни системи за прв пат се состана во текот на ноември 2021 г. во седиштето на НАТО. Советот предлага развој и употреба на поморски беспилотни системи, како и други нови технологии во поморскиот домен. Употребата на беспилотни системи ја менува играта во поморската технологија. Тие ќе испорачаат придобивки преку широк спектар на мисии, како што се откривање и расчистување мини, следење и заштита на морските линии на комуникации и подводните кабли, поморска ситуациона свест и пронаоѓање и следење подморници. За да се олесни мултинационалната соработка во оваа област, 16 сојузници на НАТО (Белгија, Бугарија, Канада, Данска, Франција, Германија, Грција, Италија, Холандија, Норвешка, Полска, Португалија, Шпанија, Турција, Обединетото Кралство и САД), како и партнерот на НАТО, Австралија ги здружија силите преку оваа иницијатива. Концептот за дигитален океан беше претставен во пролетта 2021 на Конференцијата на националните директори за вооружување (CNAD) и беше усвоен од клучните сојузнички морнарици. Концептот е дизајниран да го подобри капацитетот на сојузниците преку создавање мрежа на сензори на глобално ниво, од морското дно до вселената, со цел подобро предвидување, идентификување, класифицирање и борба против заканите. Предвидува свесност за поморскиот домен, беспилотните летала и сателитите, а експлоатира и вештачка интелигенција, податоци и автономни системи, заедно со конвенционалните средства. Во согласност со Агендата на НАТО 2030, понатамошниот развој на визијата на Алијансата за дигитален океан ќе помогне да се ублажат ризиците од климатски промени, да се заштити подморската критична инфраструктура, како и да се заштитат основните синџири на снабдување и стратешките водени патишта на попристапен, одржлив и побезбеден начин. Беспилотните системи можат да помогнат да се надминат ограничувањата со кои се соочуваат традиционалните поморски платформи зависни од екипажот, како што се бродови или подморници, во однос на областите што можат да ги покријат и во однос на директните и индиректните трошоци и ангажираниот персонал.

Драган Павловски





# Дваесет години од формирањето на Центарот за обука за операции за поддршка на мирот

# Peace Support Operation Training Centre (PSOTC)

Во рамките на регионалната соработка, Министерството за одбрана на Република Северна Македонија соработува со повеќе регионални центри, меѓу кои е и Центарот за обука за операции за поддршка на мирот (PSOTC), лоциран во кампот Бутмир во близина на Сараево, БиХ

Дејствувајќи како партнерски и регионален центар за обука, PSOTC е наменет за поддршка на професионалниот развој на Вооружените сили на БиХ и земјите партнери, чија цел е достигнување на стандардите на НАТО, ЕУ и ОН за придонес во меѓународниот мир и безбедност. Се работи за меѓународно признат акредитиран Центар за едукација и обука, со универзитетски сертифицирани наставни програми. Во истиот, согласно доктрините на НАТО, ОН и ЕУ, се изведува едукација и обука на воен, цивилен и полициски персонал на НАТО земјите членки и на партнерски земји, како и од земјата домаќин, БиХ. Целна група се младите офицери, а примарен фокус во обуките се дава на мултинационалните операции за поддршка на мирот, градење на вештините и успешно работење во меѓународна средина, што вклучува сеопфатен пристап и соработка меѓу различни актери во сложено опкружување и нуди единствена професионална можност за меѓусебно поврзување на учесниците.

Почетоците на Центарот датираат од далечната 2003 година, кога на 23 септември беше потпишан Меморандум за разбирање меѓу Обединетото Кралство и БиХ за финансиска поддршка, а беше назначен и првиот командант – бригаден генерал Henning Brohmann Larsen, припадник на данската армија. Основан е како мултинационален проект на 12 партнерски земји: Шведска, Норвешка, Финска, Данска, Холандија, Франција, Унгарија, Полска, Швајцарија, Турција, ОК и САД – кои во 2003 г. го потпишаа Меморандумот за разбирање: „Соработка за воспоставување и делување на Центарот за обука за поддршка на мировни операции“. Проектот бил со цел изведување обука и едукација за операции за поддршка на мирот, наменета за припадниците на ВС на БиХ и на меѓународни учесници и промовирање на придобивките од меѓуентитетската соработка, како и поддршка на процесот на реформи во одбранбениот систем на БиХ. Потребните средства за формирање на Центарот биле обезбедени од страна




на земјите партнери, кои учествувале и со персонална поддршка. Како земја посредник во името на сите парнерски земји за соработка со БиХ, било одредено Обединетото Кралство. Подоцна како земји партнери на Центарот се приклучиле и Албанија, Австрија, Хрватска, Германија, Северна Македонија и Србија.

Центарот за обука за операции за поддршка на мирот стана ПзМ Центар за обука и едукација на (PTEC) во 2007 г. и беше официјално признат во 2009 г. како еден од 5-те центри за обука во регионот. Во декември 2012 г., после периодот на транзиција, Центарот е предаден во надлежност на БиХ, а од јануари 2013 г. и официјално е потполно интегриран во структурата на ВС на БиХ. И потранзицијата, Центарот го задржа својот меѓународен профил, бидејќи во својот состав ги задржа меѓународните инструктори, а продолжи и со обуката на меѓународни студенти. Заклучно со декември 2017 г., Кралството Данска го спонзорираше Центарот со околу 350.000 евра на годишно ниво наменети за поддршка на регионални инструктори, како и за студенти од земјите од регионот, како и од Украина и Грузија (само на одредени курсеви). САД исто така го поддржуваше PSOTC, но со донација на средства за капитални инвестиции.

Денес PSOTC се самофинанира со котизација која се наплаќа од курсевите од студентите од земјите кои не се финансирани од Центарот и која се движи од 100 до 200 евра неделно за различни курсеви. Дел од курсевите се финансираат и од разни организации или држави (NATO ACT, Норвешка, Велика Британија, Швајцарија и сл.). Истите го поддржуваат PSOTC со свои инструктори или со покривање целосни трошоци за експерти кои ќе го поддржат курсот. Просечно Центарот реализира околу 30 едукативни настани и обуки годишно, од кои 15-17 резидентни курсеви и 6-8 активности на Мобилен Тренинг Тим (МТТ). Од реализацијата на својот прв курс во 2005 година, во Центарот за обука за поддршка на мировни операции се обучени околу десет илјади студенти од кои повеќе од половина се меѓународни учесници.

Од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија согласно потребите, до денес се упатени преку 200 воени и цивилни лица на обука од различни области, со што нашата земја е на второ место по бројот на учесници, после домаќинот БиХ. Учеството на нашите претставници е спонзорирано (за еден учесник за секој понуден курс), односно трошоците се целосно покриени од страна на организаторот. Нашата институција даде свој придонес кон центарот со упатување на инструктори кои беа одлично оценети, во три мандати во периодот од јули 2008 - јули 2018  со финансиска поддршка од Кралството Данска.

Квалитетот на обуката и едукацијата која се изведува во Центарот, званично е потврден на државно и меѓународно ниво по пат на механизам за акредитација на курсевите,  како и со добивање на институционална акредитација. Во 2014 г. Државниот секретаријат на САД на Центарот му додели Сертификат за целосна способност за изведба на обуки, а во мај 2016 г. на Центарот му е доделен НАТО Сертификат за квалитет, со што и официјално стана една од НАТО акредитирани институции за обука и едукација. Во својот каталог на курсеви PSOTC изведува 7 (седум) НАТО одобрени курсеви, 4 (четири) ОН сертифицирани курсеви, 2 (два) акредитирани курсеви од страна на цивилни универзитети, како и 2 (два) во соработка со дуги организации/центри.

<u>НАТО одобрен курсеви:</u>

1. International Staff Officers Skills Course (ISOSC)
2. Building Integrity in Peace Support Operations Course (BIPSOC)
3. Building Integrity for Senior Non-Commissioned Officers Course (BISNCOC)
4. Utility of Gender in PSO Course
5. Essential Staff NCO Skills Course
6. Media Management in PSO Basic Course
7. Counter Insurgency (COIN) Orientation Course

<u>ОН сертифицирани курсеви:</u>

8. UN Military Observer Course (UNMOC)
9. UN Staff Officers Course (UNSOC)
10. UN Police Officers Course (UNPOC)
11. UN Comprehensive Protection of Civilian Course (UNCPOCC)

<u>Универзитетски акредитиран курсеви (по Болоња систем)</u>

12. Media Management in PSO Basic Course (MMPSOBC)
13. Euro-Atlantic Security Course (EASC)

<u>Во соработка со други организации и центри:</u>

14. EU Common Security and Defence Policy Orientation Course (во организација на ESDC)
15. Defence Attache Orientation Course in Defence (со финансиска поддршка на GCSP)

Препознавајќи ја важноста на соработката со партнерите во обезбедувањето на мирот и безбедноста во светот и значењето на соодветната обука и образование за идните операции за поддршка на мирот, МО на БиХ еднаш годишно организира состанок со постоечките и потенцијалните партнери на PSOTC, подготвени низ партнерство да ја поддржат работата на овој Центар.

На оваа традиционална „Пријатели на PSOTC конференција" вообичаено учествуваат повеќе од 30 учесници од партнерските земји, како и од различни центри, министерства и организации, од НАТО штабот во Сараево, ЕУФОР, УНДП и сл. Во рамките на годинешната конференција „Пријатели на PSOTC", која ќе се реализира во периодот од 19-20 септември 2023 г., ќе биде организирана и формалната церемонија по повод 20-от роденден на Центарот под мотото „Дваесет години на совршенство".

Валентина Пандилова





# Под знамето на ОН Климатска безбедност (2)

Климатските промени станаа еден од факторите кои директно и индиректно влијаат на појавата на конфликти и војни, како и на напорите за превенција на истите. Потребни се дополнителни напори за зајакнување на капацитетите со кои располагаат мировниците на терен, наменети за подобро пручување на поврзаноста помеѓу климатските промени и мирот и безбедноста во земјата домаќин, со цел развој на ефективни стратегии за прилагодување кон новите услови

**Потреба од партнерства**
За исполнување на целите во мировните операции во врска со влијанијата на климатските промени, мировниците на ОН би требало да планираат нови партнерства со „актери“ од приватниот сектор, невладини организации и локалните власти, и заеднички активности по прашањата за климатската безбедност - анализа на климатскиот ризик, водата за пиење, отпадните води, управувањето со отпадот и др. Користењето извори за обновлива енергија од страна на јавниот и приватниот сектор, нуди други потенцијални придобивки и начини за олеснување на исполнувањето на мандатите на мисијата. На тој начин може да се заштедат високите трошоци за изградба на енергетска инфраструктура за потребите на мисијата на ОН, како и иницирање нов локален развој на користење на извори на обновлива енергија во рамките на електрификацијата на локалните заедници.
Пример за такво партнерство би била соработката со претставници од приватниот сектор кои се занимаваат со развој на извори на обновлива енергија. Врз основа на истражување на иницијативата Powering Peace наведувајќи примери од мисиите UNMISS во Јужен Судан, MONUSCO во Демократска Република Конго и UNSOS во Сомалија, евидентни се разновидни модели на партнерства во процесите на транзиција кон обновливи извори на енергија и намалување на концентрацијата на јаглерод диоксид во регионите на распоредување на „сините шлемови“. Овие модели на партнерство вклучуваат: склучување договори за набавка на електрична енергија, набавка на опрема за извори на обновлива енергија (соларни системи) и градење локална хидроенергетска мрежа.
Вклучувањето на регионалните и меѓународните организации (ОН, ЕУ и Афричката унија) и усогласувањето на нивните напори во таа насока, може да биде преку заеднички договори и нови механизми за координација. Тоа го овозможува и соопштенијата на Советот на ЕУ од јануари 2022г. „Приоритети ЕУ-ОН 2022-2024“ и од март 2022г. „Зајакнување на



стратешкото партнерство ЕУ-ОН во областа на кризниот менаџмент“, кои ја вклучуваат и климатската безбедност во рамките на партнерството со ОН.

**Заштита на човековата околина**

Во однос на заштитата на човековата околина во текот на мировните операции, постигнат е огромен напредок во практикувањето на конкретни еколошки мерки. На терен во голема мерка се намалува потрошувачката на електрична енергија, а командите на мисиите посветуваат доволно внимание на идентификување на опции за поголемо искористување на обновливи извори на енергија (соларни панели, ветерни турбини, и сл.). Одделот за мировни операции на ОН (DPO), заедно со Одделот за оперативна поддршка (DOS), Меѓународната агенција за обновлива енергија (IRENA), како и владите на Норвешка и Обединетите Арапски Емирати, неодамна имаат потпишано Договор за понатамошна поддршка на напорите на мировните операции на ОН во овој поглед. Овие мерки и активности за поголема употреба на обновливи извори на енергија, придонесува за поголема оперативна готовност на мировните контингенти, особено во поглед на организирањето долги, во некои случаи и опасни конвои за транспорт на гориво.

Овие мерки овозможуваат на земјата домаќин да го наследи, да го прифати и да го исползува во иднина користењето на обновливите извори на енергија и управувањето со отпад, во рамките на евентуална транзиција на земјата кон користење „зелени“ технологии. Дополнителен придонес кон ова имаат земјите-контрибутори со мировни контингенти, кои вообичаено се и најголеми потрошувачи на енергија на терен. ОН веќе започнува дијалог со земјите-членки за распоредување мировни контингенти кои би користеле опрема со која повеќе би ја зачувувале човековата околина и претежно би користеле извори на обновлива енергија за своите активности.

**Важни одлуки**

На 20 ноември 2022г., Египет беше домаќин на 27. конференција на ОН за климатски промени (UN Framework Convention on Climate Change – COP27). Во Шарм ел-Шеик била донесена историска одлука, значајна за мировните операции на ОН - да се воспостави и операционализира Фонд за загуби и штети. Од страна на Генералниот секретар на ОН António Guterres, фондот бил наречен суштински затоа што во голема мерка ќе придонесе за драстично намалување на емисиите на штетни гасови.

Антонио Гутерес истакнал: „Црвената линија што не смееме да ја преминеме е загревањето на нашата планета да не ја надмине температурната граница над 1,5ОЦ“, повикувајќи го светот да не попушта „во борбата за климатска правда и климатски амбиции. Можеме и мораме да ја добиеме оваа битка за нашите животи“.

Врз основа на канадска иницијатива во јуни 2021г., НАТО планира да отвори Центар на извонредност за климатската безбедност во Торонто во 2023 година. Министерскиот совет на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (OSCE) донел „Одлука за зајакнување на соработката за справување со предизвиците од климатските промени“ која ќе информира за политиките на земјите-членки, активностите на организацијата и теренските мисии.

М.С.





# Улогата на жените во енергетските одлуки

Списанието Nature Energy неодамна публикуваше еден преглед во кој разгледува повеќе од 100 истражувачки статии на оваа тема. Заеднички е заклучокот дека и покрај огромното значење и посветеноста на Целите за одржлив развој на Обединетите нации (ОН) за родова еднаквост (SDG5) и универзален пристап до модерната енергија (SDG7), постојат недостатоци и празнини во знаењето за односот помеѓу родот и енергијата што можат да го попречат напредокот и реализација на овие цели

Кога наутро се будиме користиме и енергија и технологија за да разбереме нешто ново за времето и за новостите во светот и дома, потоа пиеме свежо кафе и го поминуваме денот информирано и освежено. Е сега да се обидеме да размислиме дали секоја жена во сиромашните села во рурална Африка или Азија може да ја искористи технологијата за да добие витални информации на ист начин. Се разбира дека не може. Така, овој оневозможен пристап до енергија на некој начин ги обезвластува, односно ја нарушува самодовербата на жените ширум светот кои се во оваа ситуација. Истражувањата покажуваат дека луѓето со итнегритет се многу поотпорни на климатски шокови и штети. Затоа, како што енергетската технологија може да ја унапреди еластичноста, односно отпорноста во општеството, таа исто така може да создаде и нови ранливости. Ајде да размислеме за катастрофите кои можат да оштетат сложени енергетски системи или да ги уништат соларните домашни системи и да ги исклучат од мрежата. Во овој контекст, списанието Nature Energy неодамна публикуваше еден преглед во, кој разгледува повеќе од 100 истражувачки статии на таа тема. Заеднички е заклучокот дека и покрај огромното значење и посветеноста на Целите за одржлив развој на Обединетите нации(ОН) за родова еднаквост (SDG5) и универзален пристап до модерната енергија (SDG7), постојат недостатоци и празнини во знаењето за односот

помеѓу родот и енергијата што можат да го попречат напредокот и реализација на овие цели. Истражувачот на американскиот унверзитет Дјук, Ипсита Дас (во оригинал: Ipsita Das), тврди дека „Големите празнини во знаењето за односот помеѓу родот и енергијата ги ограничуваат активностите на креаторите на политиките, ја поткопуваат ефективноста на интервенциите и го зголемуваат ризикот да сегашните или новите интервенции ја влошат т.е. зголемат нееднаквоста“.

Други истражувачи тврдат дека пристапот на жените до финансии, образование и моќ за преговарање во домаќинството може да го зголеми усвојувањето на поефикасни технологии за готвење и почисти горива за согорување. Утврдено е и дека пристапот до финансии, транспорт и социјални мрежи го зголемува успехот на жените како енергетски претприемачи.

Авторите на разгледуваните статии препорачуваат понатамошни истражувања за справување со енергијата и зајакнувањето на жените со цел да се исполнат целите за глобален одржлив развој. Притоа фокусот треба да биде на подобри дефиниции за пристап до енергетски услуги и на проучување на жените како потрошувачи на енергија и енергетски претприемачи, наместо да се потпираме на ограничени мерки како што се едноставен пристап до електрична енергија или подобрени печки.

Понатаму, потребно е да се креираат и користат мерки за родова еднаквост кои се релевантни за анализа на енергетскиот домен, и кои ги имаат во предвид различните гледишта за зајакнувањето на жените кои постојат во академските средини и општествените практики. Исто така, треба да се надминат бинарните дефиниции за родовиот и енергетскиот пристап, и да се разгледаат меѓусекциски пристапи кои ги опфаќаат класата, етничката припадност, религијата и другите општествени поделби.

„Светот останува длабоко и нееднакво поделен меѓу оние со ресурси и моќ и оние без“, вели истражувачот на американскиот унивезитет „Дјук“, П.П. Кришнаприја (во оригинал: PP Krishnapriya): „Некои се енергетски богати, други енергетски сиромашни. Мажите сè уште имаат поголема моќ и подобра плата од жените ширум светот“, потенцира Кришнаприја во својата статија.

Но, и покрај забележителниот напредок во пристапот до






електрична енергија, 733 милиони луѓе сè уште немаат електрична енергија дома, а околу 2,4 милијарди луѓе продолжуваат да користат загадувачки горива и технологии за готвење. Во меѓувреме, родовата нееднаквост опстојува: жените придонесуваат со 76% од вкупните часови неплатена работа за нега, поседуваат само 13% од земјоделското земјиште, сочинуваат само 24% од националните парламенти и имаат стапки на писменост од 83% во споредба со 90% за мажите.

Предметниот преглед го сумира истражувањето за поврзаноста на жените помеѓу зајакнувањето и енергијата и празнините во знаењето. Исто така, ги разгледува и големиот број на начини на кои родовото зајакнување може да поттикне усвојување на енергија, и обратно. А самата Агенда за одржлив развој за 2030 година, со своите 17 цели за одржлив развој (SDGs), е така направена да одговори на овие и други глобални предизвици. „На крајот на краиштата, само преку соодветно разбирање на причинско-последичните односи меѓу полот и енергијата, и како тие варираат во време, место и култура, креаторите на политики и практичарите можат да дизајнираат интервенции што ќе реализираат синергии помеѓу SDG 5 и SDG 7 и ќе ја ублажат потенцијалната трговија. исклучоци“, тврди Плутшак (во оригинал Plutschack) во своето истражување.

М-р Билјана Поповска (Научниците од Универзитетот Дјук,Ipsita Das, Marc Jeuland, Njeri Kara, PP Krishnapriya, Subhrendu K. Pattanayak и Victoria Plutshack) соработуваа со Државниот универзитет во Северна Каролина (Ерин Силс) и Универзитетот во Мичиген (Раџа Сапарапа и Стефани Скот) за да го спроведат овој академски преглед.



# Вештачка интелигенција: Иднината е тука!

Експертите ја нарекуваат „вештачката интелигенција“ едно од најголемите технолошки достигнувања во човечката историја. Нејзината експоненцијално проширена употреба низ индустриите е вистински показател дека вештачката интелигенција е тука за да остане и да напредува. Вештачката интелигенција и машинското учење се во срцето на технолошката револуција

Иако многумина стравуваат дека со употребата на новите технологии ќе се намали бројот на работни места, експертите предвидуваат дека проширувањето на вештачката интелигенција ќе донесе нови можности за отворање на нови работни места. Во светски рамки, многу западни земји, вклучувајќи ги и Индија, Јапонија, Кина, дури и Русија, веќе ја користат вештачката интелигенција во нивните рутински процеси. Се предвидува дека до 2030 г. ќе има раст од 31,4 отсто на работните места поврзани со науката за податоци и математичката наука, од кои голем дел ќе бидат базирани на вештачката интелигенција.

Мумбаи, главниот град и финансиски центар на Индија, неодамна беше домаќин на 39-тото глобално издание на Светското шоу за вештачка интелигенција. Настанот ги собра најлуцидните умови од пејзажот на вештачката интелигенција (AI) и машинското учење (ML) за да ги разоткрие иновативните апликации и нивниот футуристички опсег во новото нормално на Индија. Експертите предвидуваат дека многу, ако не и повеќето организации, ќе се префрлат на системи, апликации, безбедносни системи, анализа на податоци и други апликации во иднина поради брзото проширување на машинското учење. Индискиот премиер Нарендра Моди еднозначно го призна потенцијалот на вештачката интелигенција. „Алатките и технологијата, исто така, се здобија со моќ да учат и размислуваат. Тимската работа на вештачката интелигенција со луѓето може да направи чуда за нашата планета”, истакнал премиерот Моди. Од технолошките гиганти до болниците, рестораните, одбраната и многу други сектори во Индија постепено ја инкорпорираат технологијата за самоучење за подобрување на ефикасноста на нивните работни сили.

Со поддршката на Владата, која целосно стои зад оваа нова технологија, сè повеќе индустрии ја усвоија употребата на вештачката интелигенција во своите домени. Вештачката интелигенција е инкорпорирана од страна на голем број владини министерства, особено во одбраната и армијата. Исто така, според многу познавачи на состојбите на ова поле, Индија е во состојба целосно да ја искористи технологијата на вештачката интелигенција за понатамошно зајакнување на нејзината брзорастечка економија исто како како и во доменот на одбраната.

Голем број приватни компании се вклучија во проектите за употреба на вештачката интелигенција и забележаа бројни придобивки од импементацијата на придобивките од истата во своите ресори.

Според извештајот на Центарот за безбедност и нови технологии (CSET), во 2021 година, Индија беше веќе добро подготвена да стане значаен играч и вреден партнер во системот на вештачката интелигенција.

м-р Зорица Стојкова




# Транзициска правда:

## Случај Аргентина: Соочување со злосторничкото минато (2)

Аргентина е повеќе од одличен случај за опсервација кога станува збор за транзициската правда како категорија на меѓународното право за човекови права. Во 1984 г. релативно пионерски подвиг било воспоставувањето на Комисијата за вистината и екстензивните судења за злосторниците против човештвото во 2005 г.

Одговорот на Аргентина на суровите повреди на човековите права во режимот беа тема на коментари од експертската јавност. Важно е да се напомене и од значење за меѓународното право, иако е помалку познато, дека во процесот во кој стотици судии суделе во времето на Видела биле подложени на екстензивен ветинг. Судството како такво, е можеби најкритичниот актер во постконфликтните општества: не само поради одлуката за сносење одговорност за злосторствата на претходниот режим туку и со самото тоа заштита на човековите права и критичко влијание врз владините политики. Но земајќи предвид дека најчесто судството успева да ги преживее режимите, како такво не е зрело за предизвикот кој го носи справувањето во постконфликтните општества, особено што истото наидува на потешкотии ако судиите не се подготвени за предизвикот или не можат да ја вршат својата работа како што се бара во новата администрација: одредени неретко се вмешани во кршењето на човековите права. Малку е веројатно дека судовите ќе функционираат правилно и дека луѓето ќе им веруваат на реликти од минатите години, како потсетник на режимските години. Различни практики се усвоени низ светот за справување со прашањето за наследените судии: од задржување на сите постоечки судии до распуштање на цели судски системи. Меѓу овие екстреми, постојат три типа на процеси кои се фокусираат на однесувањето на судиите за да утврдат дали се способни да служат во новиот режим. Прво, селективните истраги и отстранувања таргетираат одредени судии, на пример оние на позиции од уставно значење, кои бараат да бидат подложени на процес на скрининг. Второ, скринингот го

опфаќа целото судство, решавајќи дали да го задржи во целост или да го разреши секој судија поединец. Трето, процесите на повторно назначување го отстрануваат мандатот на сите судии, барајќи од нив повторно да аплицираат за своите позиции, овој пат во конкуренција со нови кандидати.
По доаѓањето на власт во 1983 г., новата Влада на Аргентина се соочи со прашањето како да постапи со судиите што ги наследи од диктатурата. Судството се сметаше за соучесник за хунтата, афирмирајќи го тогашното законодавство и не успевајќи да ги осуди нејзините злосторства. Тогаш, новата Влада го усвои ставот дека и покрај уставните гаранции, судиите кои служеле во времето на Видела, немаат никаква гаранција за продолжување на мандатот – бидејќи истите години не биле подложени на уставниот процес, кој барал задолжителна потврда од Сенатот за именувањето. Овие судии никогаш го немале потврдено својот мандат. Дури и оние судии кои се именувани пред државниот удар и при нивното назначување ги испочитувале пропишаните процедури согласно Уставот, го загубиле својот статус, прифаќајќи да бидат дел од златните години на Видела. Имајќи го ова предвид, Владата планирала да ги смени судиите во Врховниот суд, кои поднеле оставки пред новата констелација во Уставниот суд. Во однос на судиите во другите судови, Владата имала ултиматум сите одново да бидат потврдени од страна на Сенатот, што во суштина би означил еден долгометражен процес на скрининг кој според наводите е спроведен зад затворени врати, 1984 г. Оние судии, кои тогаш биле потврдени, го обезбедиле својот мандат, додека оние кои не, биле веднаш заменети.
Достапните докази говораат за тешки политички преговори и пазарења помеѓу Владата и опозицијата која го контролирала Сенатот. Повеќе од 500 судии поминале низ овој процес и 70 проценти од нив го обезбедиле својот мандат.
Кривичниот суд во Буенос Аирес релативно брзо станува центарот на случувањата, односно одговорен за судењата на водачите на хунтата. Најголем дел од судиите биле сменети во рекорден рок и бил именуван нов жалбен суд. Оваа формација, на 9 декември 1985 г. ги осудила петте припадници на Воениот суд за злосторства согласно аргентинскиот Кривичен законик, односно врз основа на убиство, мачење и незаконско задржување. Може да се заклучи дека реизборот на судиите бил политички процес без јасни критериуми и без дозволување разрешените да имаат




основ да го оспорат својот отказ. Тогашната Влада не била врзана со актите на режимот на Видела и можела да избере дали истите да ги следи или комплетно да ги занемари: ваквиот пристап ѝ овозможил да го игнорира мандатот на судиите именувани во диктатурата, додека истовремено само ги потврдила отпустите на судиите во доцните 70-ти.
Резимирано, и покрај строгиот скрининг истиот не успеал да ги елиминира судиите со своевидно учество во злосторствата на поранешниот режим во Аргентина. Притисокот да се задржи самото постоење и функционирање на судовите и политичко преговарање, го ограничиле овој процес. Од 70 проценти потврдени судии, голем дел во јавноста воопшто не уживале пиетет на почитување и заштита на човековите права. Дотолку, во јули 2017 г. четворица федерални судии биле осудени за злосторства против човештвото и казна доживотен затвор поради соучеството во режимот. Истите судии, никогаш не постапиле по врачените жалби за исчезнувања, киднапирања и мачења во 70-тите, а потрагично од фактот што биле потврдени зад затворени врати во 1984 г. е фактот дека подоцна биле и унапредени и дури во 2011 г. биле обвинети.
Се поставува прашањето, какви се импликациите на аргентинскиот случај врз целокупните процеси на транзицинска правда како категорија во последните декади. Аргентинскиот случај во целост ја нагласува потребата од едно силно правосудство, поставено на здрави основи, со





капацитет, тенденција и афинитет кон почитување на човековите права. За разлика од најтешката задача со која се здоби судот во Буенос Аирес, досегашните информации покажуваат дека преостанатиот дел од Аргентина и тамошните судии не биле доволно засегнати за одговорните од годините на Видела да ги изведат пред лицето на правдата. Факт е дека аргентинската влада во 1983 г. била соочена со вонредна ситуација, но објавувањето на реалните причини за разрешувањето на голем број судии и овозможувањето на истите да го оспорат ова решение, далеку повеќе би одело во прилог на владеењето на правото кое владата имала аспирации да го постигне. Во суштина, овој нејасен аспект на аргентинската транзиција во која биле заменети преку 150 судии, се испоставува дека бил од клучно значење за тогашната стратегија на Владата.

Согласно Римскиот статут од 1998 г., случајот е неприфатлив пред Меѓународниот кривичен суд доколку истиот се истражува или процесуира од страна на надлежната држава, „освен ако државата не е волна или не е во можност вистински да ја спроведе истрагата или кривичното гонење". Постоењето на наследен правосуден систем, кој безволно приморан се движи напред, само може да придонесе истите да бидат прифатени пред Меѓународниот суд. Оваа можност би требала да им даде поттик на државите да се осигураат дека нивните судии го имаат потребниот интегритет за да постапуваат реално во предметите кои инаку би биле во надлежност на Меѓународниот кривичен суд.

Согласно Ажурираниот сет на принципи за заштита и унапредување на човековите права преку акција за борба против неказнивоста (Ажурирани принципи на неказнување, 2005 г.) државите се повикуваат да ја спречат злоупотребата на судските гаранции за несигурност кои ја поттикнуваат неказнивоста, правејќи разлика помеѓу судиите именувани во согласност со владеењето на правото, чиј мандат мора да се почитува и оние незаконски именувани (од лојалност) кои можат да бидат разрешени согласно законот. Се чини дека принципите го одразуваат ставот на аргентинската Влада дека судиите именувани надвор од уставните процедури и оние кои се имаат заколнато на верност на диктатурата можат да бидат разрешени. Но принципите бараат разрешените задолжително да имаат прилика да го оспорат своето разрешување во независна и непристрасна постапка. Во случајот на Аргентина, не е донесен закон со кој судиите би се смениле и иако добар дел од нив биле во можност да го оспорат своето отпуштање, ниеден случај не бил испитан, што означува дека самиот процес не бил во согласност со принципите.

Во секој случај, принципите не им даваат многу насоки и препораки на државите кои всушност имаат итна потреба од скрининг на огромен број судии. Корисно би било да се разјаснат причините за кои е дозволено да се отстрани судија во преодна ситуација и какви се барањата во поглед на правно издржана постапка за скринингот над судиите.

м-р Тамара Лазаревска Силјаноска





# Прагматика во военото лидерство

Постојат околу 200 општоприфатени дефиниции, преку кои одредени автори се обидуваат да го дефинираат лидерството како поим (анг. leader – синоним за водач, leadership – синоним за водење). Дефинирањето на военото лидерство, преставува само обид, општоприфатени теории за лидерството да се прилагодат согласно потребите за военото учење и воената организација

Лидерството во нашата армија, како поим станува актуелен во последните две децении, преходно поимот беше опфатен со терминот воено раководење, како универзален процес на ефективно и ефикасно извршување на воената работа, остварување на функциите на воената организација со помош на луѓето и ангажирање на другите ресурси во остварување на однапред дефинираните цели (Борко Николовски, Основи на военото раководење). Токму затоа и воените должности ги делиме на војнички, командирски и командантски, а не на лидерски и следбенички, воедно зборот и поимот лидер се опфатени со законските акти или правилата во Армијата, додека систематизацијата на работните места подразбира само војници, командири и команданти како лица кои командуваат со воени формации и раководат со извршувањето во севкупноста на военото работење. Иако военото лидерство се изучува низ курсевите за подофицери во Центарот за индивидуална обука, и како предмет на Воената академија, сепак многу мал е бројот на воени лица во нашата армија, кои како автори се имаат занимавано со проучување на оваа проблематика. Военото лидерство во Водичот за подофицери се дефинира како „Способност да се влијае над други да ја извршат мисијата и во услови кога знаат дека тоа го доведува во опасност нивниот живот. Влијанието над други се остварува давајќи мотивација, насока и цел“. Во книгата „Општо за лидерството и карактеристики на военото лидерство“, од бригадниот генерал Димче Петровски, под военото лидерство се подразбира „процес на влијание над луѓето,



„За лидерството постојат онолку дефиниции, колку и што постојат луѓе кои се обидуваат да го дефинираат лидерството“ – Ралф Стогдил

преку давање на цел, насока и мотивација, додека дејствуваат за исполнување на задачите и усовршување на организацијата“. Во ФМ 22-100, Army Leadership, „Водењето е процес на влијание над другите со цел извршување на одредена мисија, давајќи им ја целта, насоките и мотивација на потчинетите“. Воен лидер е оној кој врз основа на доделената улога или одговорност ги инспирира луѓето и влијае врз луѓето за да се исполнат целите на организацијата. Воените лидери ги мотивираат луѓето во и надвор од синџирот на команда поради исполнување на однапред поставени цели и се фокусираат на анализа и донесување на одлуки кои им служат на повисоките цели на организацијата (Army, U.S, 2006 – Field Manual 6-22, Army Leadership). Во кој облик постои лидерство во воената организација, и на кој начин може да се примени, е прашање на кое треба да се одговори. Воената организација подразбира централизирано управување, согласно принципот за едностарешинство според кој претпоставен може да биде само едно физичко лице, кое преку линискиот команден однос врз основа на принципот за субординација овозможува безусловно извршување на наредбите на претпоставените. Прагматичноста во военото лидерство (грч. pragmatikos – деловен, делотворен) како постапување во работната, деловна дејност преку познавање на начинот на работење во остварување на одредена деловна корист или успех, има цел да им овозможи на командирите преку примена на развиени лидерски способности да влијаат врз луѓето преку соодветен модус прифатлив за воената организација. Воените лица сите работни задачи ги извршуваат согласно предвидениот норматив на организацијата во задоволувањето на предвидените критериуми и стандарди, така што работењето на еден припадник може да биде само повеќе или помалку самоиницијативно во рамките на дозволената толерантност. Безусловноста во извршувањето на наредбите и задачите, овозможува нивно извршување под најразлични околности, така што применето лидерство може да влијае само врз квалитетот и успешноста на извршувањето како краен резултат, меѓутоа во никој случај не може да влијае дали една задача ќе биде извршена или неизвршена, затоа што безусловноста е a priori фактор во извршувањето.

Во практиката е потребна јасна дистинкција помеѓу поимите самоиницијативност и лидерство, бидејќи најчесто доаѓа до мешање и изедначување на истите, затоа што самоиницијативноста го опфаќа личниот пристап кон работните задачи и се мери според вложениот труд во извршувањето на истите, додека влијанието врз потчинетите преку поттикнување на самоиницијативност во работењето, и нивното водење низ процесот на професионалниот развој и усовршување преставува прагматичност во военото лидерство.Прагматичноста во военото лидерство е условена со постоењето на следниве способности на една личност, а тоа се: визија, влијание и развој.

Лидерството е визија (лат.vizio), означува гледање на далеку, способност за предвидување, како што вели Мартин Лутер Кинг во неговиот говор „Јас имам сон“ (I have a dream – говор, Вашингтон, 1963година), така и лидерот мора да има визија за целите и состојбата кои што сака да ги постигне. Визијата на лидерот најчесто настанува како резултат на неговата способност за креативност и креативното мислење, каде што креативното мислење се јавува како облик на размислување, за кое е карактеристично донесувањето на заклучоци за поврзаноста на настаните на еден нов и оригинален начин, кој овозможува предвидување и примена на различни законитости. Стивен Р. Кови вели дека „визијата претставува согледување на идната состојба со окото на умот, при што сите нешта се создаваат два пати: како умствена творба и како физичка творба, при што визијата низ својата умствена творба го преставува: копнежот, соништата, надежта, целите и плановите“. Способноста за визуелизација е како светла точка на крајот на тунелот, водилка која му помага на лидерот да ја одреди насоката на неговото влијание, кое по пат на инспирација треба да се пренесе врз подчинетите во дефинирање на заеднички цели и интереси.

Лидерството е влијание, процес кој како таков може да се менува, надоградува и подобрува, влијание кое е насочено секогаш кон подобрување на некоја



состојба, и истото е општокорисно за воениот колектив или единицата. Токму способноста да се влијае врз луѓето, одредува која личност ќе биде препознаена како лидер, бидејќи под поимот лидер не се подразбира статус, должност или работна позиција, а лидерството не е платена професија. Командирите и командантите имаат легитимно право да командуваат со војници и единици, поседувањето на лидерски способности е посакувана карактеристика за секој припадник во воениот колектив. Меѓутоа, способноста за инспирирање и поттикнување на акција, е пресудниот фактор според кој дисциплинираните потчинети кои дејствуваат по пат на законска присилба, преминуваат во лојални следбеници спремни да го следат водачот во остварување на проектираните цели. Командирите се поставуваат во единиците врз основа на закон, и истите се почитуваат по сила на закон, додека лидерите се препознаваат и признаваат од индивидуите и колективите како луѓе кои нудат решенија и одговори. Концепт познат како „триаголник на моќта“, на Роберт Диленшнајдер, кој во неговата книга „Моќ и влијание“, истакнува дека триаголникот на моќта се состои од три составни дела: комуникација – признание – влијание, при што успешната комуникација доведува до признание, а признанието доведува до стекнување на влијание. Лидерство е развој, бидејќи крајната цел на секое лидерство е создавање на нови лидери, преку еден постојан процес на советување, обука (тренинг) и менторирање на потчинетите, сè до постигање на способност во самостојноста во работењето. Военото учење укажува дека идеална обученост на еден припадник, е кога




истиот ќе се оспособи за извршување на должности две нивоа повисоко од неговата моментална поставеност и должност. Лидерот ги развива потчинетите низ еден правилен систем на армиски вредности, создава потенцијални лидери кои низ принципот на заменливост во секој момент можат да продолжат да командуваат со формации како формални лидери и да ги водат луѓето внатре во рамките на воените колективи како неформални лидери во остварување на цели со повисока вредност. Според ФМ 22-100, развојот на секој лидер се остварува во текот на целиот живот преку синтеза на знаења, вештини и искуства стекнати преку институционална обука и образование, организациска обука, оперативно искуство и само-развој. Лидерите ги охрабруваат и поддржуваат другите да се развиваат како индивидуи и тимови, го олеснуваат постигнувањето на организациските цели преку помагање на развојот, ги подготвуваат потчинетите за преземање на нови должности и позиции во организацијата, зголемувајќи ја продуктивноста на самата организација. Развивањето на потчинетите во вистински лидери има многу покомплексно значење во однос на нивната воена обученост и оспособеност за самоиницијативно одлучување и постапување, бидејќи „воените лидери со себе носат длабока одговорност, затоа што последиците од нивните одлуки и постапки се одразуваат на животите на нивните потчинети, на нивните семејства, на непријателот и граѓаните“ (Army Leadership: Competent, Confident and Agile).

Виктор Крстевски





# Советско – авганистанска војна 1979-1989: причини и последици (1)

Советско-авганистанската војна, која траела од 1979 до 1989 година е последната воена интервенција во периодот на Студената војна. Советскиот Сојуз интервенирал во Авганистан за да ѝ помогне на новата комунистичка влада да ги спроведе радикалните промени коишто повеќето од населението одбило да ги прифати

Советскиот Сојуз (СССР) имал геополитички интерес во Авганистан, бидејќи за нив било многу важно да ја преземат контролата и да имаат политичко влијание во тие стратешки региони. Тие биле загрижени за вмешувањето на САД во нивното соседство во текот на 1970-тите, периодот познат како Студената војна помеѓу САД и Советскиот Сојуз. Водечката структура на Советскиот Сојуз, Политбирото, ги признало можните империјалистички потези во регионот и за нив било многу важно да се обезбеди поддршка за комунистичкиот режим во Авганистан. Советскиот претседател Брежњев имал идеологија дека Советскиот Сојуз имал должност и право да влезе во војна и да им помогне на другите земји каде што комунистичкиот режим е во опасност. Во тој период Советскиот Сојуз е земја во која живеело петтото најголемо муслиманско население во светот. Владите на Иран и Пакистан дале огромна поддршка за конзервативните исламски бунтовници познати како муџахидини, кои биле закана за новиот комунистички режим во Авганистан. Неуспехот на СССР и Црвената армија во војната со Авганистан е резултат на фактот дека тие влегле во војна целосно неподготвени за герилски борби.

**Ситуацијата во Авганистан пред Советската инвазија**

Авганистан како земја е формиран пред повеќе од еден век каде што мнозинството од населението се Паштуни. Во северниот дел на Авганистан живеат Таџики, Узбеки и Туркменисти. Централниот дел на Авганистан кој е претежно планинско подрачје, исто така познат како Хазараџат е населен со луѓе познати како Хазари. Традиционално, Хазарите се против владеењето на

Паштуните, кои се најбројни бидејќи се 40 отсто од вкупното население во Авганистан. И покрај огромните напори за секуларизација и модернизација на земјата во 20 век, во некои провинциски делови главното правило за владеење било племенското правило. Локалните шефови имале големо влијание врз населението, особено во смисла на поразување на руралниот начин на живот. Исламските кодови биле многу важни за нив. СССР бил многу важен за проширување на комунизмот во нивното соседство, особено во Авганистан. Преку крвав воен удар, комунистите на 27 април 1978 г. ја презеле власта во Авганистан. Новиот комунистички претседател Мохамед Тараки и неговата влада развиле нови реформски програми за распределба на земјиште, образование за жени и промена на статусот за нив и уништување на старата општествена структура. Народнодемократската партија на Авганистан веднаш ја препознала потребата од советска помош, бидејќи тие биле опкружени со популација каде што мнозинството биле муслимани кои се противеле на новите радикални промени што сакала да ги спроведе новата комунистичка влада. Сите овие напори и програми биле прифатени од мала група на населението, а новата комунистичка влада се соочила со вооружен отпор. Авганистанскиот претседател Мохамад Тараки ја препознал неопходноста од директна воена поддршка од пријателскиот СССР за решавање на проблемите со исламските бунтовници. На почетокот, советскиот претседател во страв од нуклеарна конфронтација со САД одбил да даде поддршка за новиот комунистички режим во Авганистан. Тие обезбедиле воени советници и малку опрема за Авганистанската армија, но тоа не било доволно. На Авганистанската влада очајно ѝ требала поддршка, а помошта што ја обезбедила Советската влада била само симболична. Поголемиот дел од воените сили на Авганистан, особено војниците од 17. дивизија, се приклучиле на бунтот против комунистичката влада. Целосните бригади и единици биле напуштени или се префрлиле од страна на бунтовниците, бидејќи не сакале да го поддржат новиот режим. Вистинската големина на Армијата во Авганистан била 90.000 во 1979 година, но по сите дезертирања, големината на Армијата била помалку од половина. Во тој период се организирале протести против претседателот и неговата влада, што претставувало прв знак за насилство во иднина. Откако претседателот Мухамед Тараки бил убиен во септември 1979 година, политичкиот врв во СССР констатирал дека ситуацијата е надвор од контрола и нивните очекувања. Доцните 70-ти биле ера на Студена војна, помеѓу НАТО од една страна и Советскиот Сојуз и Варшавскиот пакт од друга страна.



Советскиот Сојуз ги обвинил САД и НАТО дека сакаат да го нападнат Авганистан и да го зголемат влијанието врз новата комунистичка земја во Авганистан, а со тоа и да го зголемат присуството во тој регион. Советските лидери препознале уште една закана од проширувањето на муслиманското население, особено во советската Централна Азија, со влијание врз антикомунистичките активности. Политбирото се согласило дека нивна меѓународна должност е да им се помогнат на комунистите во Авганистан. Советскиот претседател Брежњев и неговата политичка структура верувале дека брзата инвазија во Авганистан ќе биде корисна за поддршка на пријателскиот режим во оваа земја и дека инвазијата во Авганистан ќе го зголеми советското влијание во тие региони. Со спроведување на воена кампања во Авганистан, Црвената армија и Советскиот Сојуз ќе испратат силна порака до сите земји дека се уште семоќни. Очигледно било дека исламските бунтовници не биле закана само за Авганистан, туку за поширокиот регион во Југозападна Азија, кој бил геополитички и стратешки многу важен за Советскиот Сојуз. Советскиот претседател бил во дилема дали да започне интервенција во Авганистан и да ја поддржи Авганистанската влада, бидејќи постоеле две можни сценарија: 1. Ако Црвената армија започне воена кампања во Авганистан, САД ќе интервенираат и ќе дадат директна поддршка на исламските бунтовници, и тоа ќе биде почетна точка за евентуална Трета светска војна. 2. Непреземање на никаква воена кампања во Авганистан, а со тоа да им дозволи на исламските бунтовници да го шират исламот во СССР. Конечно советскиот претседател, Политбирото и воените планери од Црвената армија одлучиле дека воената интервенција во Авганистан е приоритет и потребата за СССР да ги заштити своите геополитички и стратешки интереси во тие региони. Советската инвазија беше одговор за решавање на хаотичната





ситуација во Авганистан и со цел да не се дозволат такви и слични ситуации да се шират во нивна близина.

**Советската инвазија на Авганистан**
СССР донел политичка одлука да спроведе воени операции во Авганистан и дал наредба Црвената армија да започне со воената кампања. Инвазијата на Авганистан започнала на 27 декември 1979 г., кога Црвената армија влегла на територијата на Авганистан. Советските политичари верувале дека оваа воена кампања ќе биде многу кратка. Во исто време, тие сакале да обезбедат и да ги задржат советскиот интерес и влијание во тие региони. Тие верувале дека сè може да се заврши со 35-40.000 војници постигнувајќи ги следниве цели: стабилизирање на земјата со стационирање на воени сили на главните рути, во поголемите градови, воздушните бази и логистички локалитети; олеснување на авганистанските владини сили од гарнизонските должности за да можат да се борат со отпорот во селата и планините; обезбедување логистичка, воздушна, артилериска и разузнавачка поддршка на Авганистанските сили; обезбедување минимални врски на комуникација меѓу советските сили и локалното население; прифаќање на минимални советски жртви. зајакнување на авганистанските сили и откако отпорот ќе биде поразен, советската армија да се повлече.
Главниот планер на Советската инвазија на Авганистан бил генералот на КГБ Јуриј Дроздов. Прв приоритет за Црвената армија бил дворецот Таџ-Бек, а советските војници добиле прецизни наредби за обезбедување на првиот кат на палатата, каде што имало просторија со многу важни документи. 40. армија од Црвената армија била главната сила распоредена во Авганистан за време на Советската војна во Авганистан. Силата на 40. армија во пролетта 1980 г. била околу 81 000 војници, опремени со 1500 пешадиски борбени возила, 600 тенкови, околу 300 оклопни возила, 900 артилериски орудија и 500 различни видови на хеликоптери и авиони. Владата на СССР и Авганистан постигнале договор за присуство на 40. армија на територијата на Авганистан во 16 градови каде што ќе бидат лоцирани и 5 аеродроми што би можеле да ги користат. Главната задача на 40. армија била да обезбеди безбедност во градовите и патиштата меѓу нив. Кога ситуацијата ќе биде стабилна, а тоа значи Владата во Авганистан и нивните сили ќе можат да обезбедат безбедна средина, нивните сили да се повлечат од територијата на Авганистан. Војниците од 40. армија навистина верувале дека им помагаат на авганистанските власти да организираат и формираат стабилна влада која ќе го подобри здравствениот систем, ќе спроведе закон и ред во земјата и ќе организира земјоделски реформи и образование за жените.
За 40. армија било многу важно да се контролира нивната главна рута за снабдување која доаѓала од ССССР. Преку оваа рута советските трупи во Авганистан ги добивале сите потреби за живот и борба, од друга страна муџахидините биле снабдувани со оружје и муниција од Пакистан. Во тие битки за контрола на патиштата и планинските патеки и двете страни – Црвената армија и муџахидините користеле многу мини со цел да ги пресечат понудените патишта еден до друг. Муџахедините користеле мини кои биле произведени во Кина, Велика Британија, Италија и Америка. Исто така, тие беа специјалисти за импровизација на сопствените. Војниците од Црвената армија ги поставувале минските полиња околу нивните позиции и позиции за да се заштитат од напади. Тие поставувале мини по должината на патеките и планинските патеки кои муџахидините ги користеле за повторно снабдување. Општо земено, тие чувале мапи од мински полиња што ги поставиле, но во пракса тие карти не биле точни или биле изгубени. Поради тоа се случувало советските војници да бидат жртви од сопствените мини што ги поставиле претходно. Од друга страна, муџахедините никогаш не направиле мапи за мините што ги поставиле против војниците на Црвената армија. Црвената армија имала проблеми да ја задржи личната сила на своите единици и многу често се случувало баталјони да бидат со јачина на чета, а чета да биде со јачина на вод. Болести како маларија, тифус, менингитис и хепатитис имало многу често и се случувало да се намали јачината на единиците од 1/4 до 1/3. Во оваа војна Црвената армија не користела доволно воздушни сили и хеликоптери за да ги обезбеди сите неопходни операции. Понекогаш се случувало конвоите за снабдување да бидат без хеликоптерска поддршка поради недостиг од нив.



Марјан Кировски
(продолжува)



# Историскиот развој на Првата пешадиска бригада (1. пбр)

На 28.03.2023 година, во касарната Петровец беше одржан историски час за историскиот развој на Првата пешадиска бригада од страна на професор д-р Андреј Илиев, потполковник од Воената академија. Командантот на Првата пешадиска бригада, бригаден генерал Сашко Лафчиски и заменик-командатот полковник Горан Петрушевски на почетокот од исторскиот час ги истакнаа досегашните постигнати успеси на Првата пешадиска бригада, како на национално така и на меѓународно ниво со останатите наши сојузници државите членки на НАТО

Историскиот зачеток на денешната Прва пешадиска бригада започнува со формирањето на 14. македонска народноослободителна младинска ударна бригада „Димитар Влахов“ и Кичевско-мавровскиот партизански одред. Историските податоци за создавањето на 14. македонска народноослободителна младинска ударна бригада „Димитар Влахов“ не наведуваат дека била формирана во селото Митрашинци, Беровско на 17.9.1944 г. на планината Плачковица, како воена единица која била во составот на НОВ и ПОМ и првично била формирана од младинци од: Беровско, Делчевско, Кочанско, Радовишко и Штипско и влегла во составот на Педесеттата македонска народноослободителна дивизија. Командниот состав на оваа бригада го сочинувале: Димитар Марљановски–Осоговски, командант од 17.09.1944 до 23.04.1945 година, заменици команданти: Атанас Атанасов Величковски од 17.09.1944 година, Ристо Карталов од 03.10.1944 година и Стојан Захариев од март 1945 година. Политички комесари биле: Боро Чаушев –Странџата, Јордан Илиев (Лазовски) – Цвајот, Петар Пепељуговски–Црвениот и Тодор Атанасовски–Тошо. Началници на штабот биле: Ванчо Штериевски, Стојан Захариев, Евстати Тасковски и Боро Митровски. 14. македонска народноослободителна младинска ударна бригада „Димитар Влахов“, при формирањето броела 634 борци и старешини кои биле распоредени во четири баталјони. Составот на борците биле младинци на возраст од 16-25 години. На самото фомирање бригадата имала малку вооружување: 3 пушкомитралези, 50 пушки, 8 автомати, 7 пиштоли, 30 рачни бомби и околу 600 куршуми. Дејствувала на просторот на источна Македонија и помагала во попречување на повлекувањето на германските сили кои од Грција се повлекувале на север. Оваа бригада водела борби против германските сили кај Виница, Градец и Зрновци (Кочанско, 18–20.09), Делчевско и Штипско, на железничката линија Штип– Велес, на комуникацијата Кочани–Штип, кај селата Горни Балван и Долно Трогирци (12.10), извршила напади на Кочани (17.10), Градец и Блаце (Кочанско, 20.10) и го ослободила Кочани (21/22.10), водела борби кај селата Бучишта и Трипотанац и учествувала во ослободувањето на Скопје. Особено жестоки борби води со германските единици кои од Солун преку Дојран се повлекувале кон Велес, Куманово и Скопје. На 20.09.1944 година оваа бригада ја ослободува Виница,



а на 21.09.1944 г. учествува во борбите кај Кочани и на 23-24.09.1944 г. во борбите кај Штип. Во наредниот период учествува во завршните операции за ослободување на Македонија. Во периодот септември-декември 1944 г. бригадата учествува во ослободувањето на Свети Николе, а по ослободувањето на Скопје заминува во Тетовскиот Регион.
На 18.12.1944 г., согласно наредбата на ГШ на НОВ и ПОМ, 14 МНОУБ се прогласува за младинска МНОУБ „Димитар Влахов“. Согласно оваа наредба сите борци постари од 22 години се прекомандувани во други единици на НОВ и ПОМ, а во нејзиниот состав дошле млади борци на возраст од 17-20 години. Тогаш оваа бригада влегува во составот на 48-та македонска народноослободителна дивизија (МНОД), а таа пак во реорганизираниот 15. МНОУК (македонски националноослободителен ударен корпус), кој во овој период се подготвувал да замине на Сремскиот фронт. Овој период бригадата врши операции за чистење на теренот во Качаничката Клисура до 04.01.1945 година, а потоа преку Врање заминува за Белград каде се реорганизира и вооружува со ново оружје. Тогаш бригадата брои 1575 борци и старешини. Истата има 679 пушки, 50 снајпери, 497 автомати, 183 пиштоли, 82 пушкомитралези, 18 митралези, 18 минофрлачи, 36 противтенковски пушки и 4 противтенковски топови од 45 мм. Во периодот од 12 април 1945 година па сè до крајот на Втората светска војна води жестоки борби на Сремскиот фронт против германските единици. При пробивот на Сремскиот фронт, оваа бригада активно учествува во ослободувањето на Винковци, Славонска Пожега и Загреб. Потоа учествувала во чистењето на теренот од заостанатите германски и квислиншки сили во бизјанското и козјанското подрачје во Словенија. Го издавала весникот „Мугри“ во тираж од 100 примероци и „Нашата офанзива“ кој излезе во печат во 7 броја. Од оваа бригада во текот на војната загинаа над 400 млади борци, од кои 379 го положија својот живот во борбите на Сремскиот фронт.
По ослободувањето, на 26.12.1961 гоина со Указ на претседателот на ФНРЈ, 14-та МНОУБ „Димитар Влахов“ е одликувана со „Орден за братство и единство со златен венец“.
Што се однесува за историскиот развој на Кичевско-мавровскиот народноолободителен партизански одред, тој е формиран на планината Јама во месноста Лопушник, Кичевско, во периодот од 21.05 до средината на јули 1943 г. Претставува партизанска единица во составот на НОВ и ПОМ. Првично во составот на овој партизански одред биле вклучени 46 борци од составот на Мавровско-гостиварскиот народноослободителен партизански одред (НОПО) формиран на планината Кораб во Мавровскиот Регион, Кичевската група на НОПО формирана во месноста Козјак, борци од Крушевскиот НОПО „Питу Гули“ и борци од Дебарца. Одредот водел борби кај село Сливово во текот на 23.05, Невестински гроб 30.05, Пресека 14.06, Карбуница, Кичевско 20.06 и други места. Во текот на неговото префрлување на Гостиварско-мавровското боиште се пополнува со нови борци и неговата бројна состојба се зголемува на 70 борци. Потоа се поделил на Мавровско-гостиварски НОПО (Први кичевски НОПО) и Кичевски НОПО (Втор кичевски НОПО) во текот на втората половина на јули 1943 г. Овие два одреди дејствувале самостојно до нивното влегување во составот на Кичевскиот народоослободителен баталјон на 23.09.1943 година. Знамето на овој одред било сошиено од младинки, меѓу кои се истакнува името на Љубица Богоеска од Кичево. Командант одредот бил Иван Дојчинов, а политички комесари Мино Богданов, Златко Билјановски, Мирко Милески и др.
Историјата на 1. пешадиска бригада од осамостојувањето на Македонија 08.09.1991 година, или поточно од 1992 година  па наваму, поминува низ повеќе трансформациски и организациски процеси и реформи. Всушност, како што напоменавме на почетокот, денешната 1. пешадиска бригада во текот на Втората светска војна води корени од 14. македонска народноослободителна младинска ударна бригада „Димитар Влахов“ и Кичевско-мавровскиот партизански одред. Имено, со формирањето на Армијата на Република Македонија во текот на 1992 година се формираат две пешадиски бригади, 11. пешадиска бригада – Штип, која е наследник на 14.  МНОМУБ „Димитар Влахов“ и 13. пешадиска бригада – Кичево, која е наследника на Кичевско-мавровскиот партизански одред. Врз основа на новата организациско-формациска поставеност на АРМ од 2012 година и наредбата за трансформација на единиците на АРМ, дојде до фузирање на 1. и 2. механизирана пешадиска бригада во 1.механизирана пешадиска бригата „А“ (1.мпбр). 1. и 2. мпбр ја имаа честа да ги продолжат и негуваат традициите на 11. и 13. пешадиска бригада формирани во 1992 г. со осамостојувањето на Република Македонија, кои пак ги негуваа традициите на две истакнати единици на НОВ и тоа 14. младинска македонска народноослободителна ударна бригада (14.ММНУБр) и Кичевско-мавровскиот партизански одред. Единици кои во својот славен борбен пат имаат учествувано на ослободувањето на градовите долж течениeто на реката Брегалница, градот Скопје, Западна Македонија и крвавиот Сремски фронт.
Со одлука на Претседателот на Република Македонија и врховен командант на








вооружените сили „Н“ бр. 06-716/1 од 14.05.2015 година за „Ден на единицата“ е одреден 2 Април, денот кога во 2012 година Командата и Штабот на 1.мпбр се дислоцираа во гарнизонот Петровец.
За постигнатите резултати на планот на одбраната на Република Македонија, претседателот на РМ со Указ бр. 8 од 14.08.2007 година, 1.мпбр и 2.мпбр ги одликува со „Орден за воени заслуги“.
Денес, 1. механизирана пешадиска бригада „А“ е главна борбена сила на АРМ која обезбедува готови сили за заштита и поддршка на националните интереси и дава поддршка на цивилното население при природни катастрофи, епидемии и други непогоди, а надвор од територијата на Република Македонија со декларираните единици учествува во операции за поддршка на мирот со што ги исполнува меѓународните воени обврски.
Со првичните тековни трансформации согласно стандардите на НАТО во текот на 2000 г., 11. пешадиска бригада се трансформира во 1. пешадиска бригада, а 13. пешадиска бригада се трансформира согласно НАТО стандардите и го добива називот 2. пешадиска бригада. Во текот на реформскиот процес 2000-2012 година, кога интензивно се работеше на трансформација на единиците на АРМ за постигнување на нивна интероперативност и инкомпатибилност со стандардите на НАТО, главната мисија на 1. и 2. механизирана пешадиска бригада беа во насока на изведување офанзивни и дефанзивни операции за одбрана и заштита на територијалниот интегритет и суверенитет на нашата држава, содејство со Министерството за внатрешни работи во граничното обезбедување, давање поддршка на цивилните власти при отстранување на последици од елементарни непогоди и природни катастрофи, како и учество во операции за подршка на мирот и хуманитарни операции надвор од државата.
Во текот на наредните 5 (пет) години, или поконкретно во текот на 2005 година, 1. пешадиска бригада се трансформира во 1. механизирана пешадиска бригада, а 2. пешадиска бригада во 2. механизирана пешадиска бригада. Во текот на 2012 година двете бригади, 1. механизирана пешадиска бригада и 2. механизирана пешадиска бригада се спојуваат и се трансформираат во една единица, односно во 1. механизирана пешадиска бригада, која седум години подоцна, односно во текот на 2019 година ја претрпува својата последна трансформација во 1. пешадиска бригада, единица која и денес го носи овој назив.
Согласно последните трансформации, 1. пешадиска бригада е во составот на Командата за операции, која пак, е во составот на ГШ на АРСМ.
Првата пешадиска бригада (1 пбр.), како повисока здружено-тактичка единица преставува главна борбена сила на Армијата која обезбедува готови сили за заштита и поддршка на националните интереси и дава поддршка при природни катастрофи, епидемии и други опасности.
Надвор од територијата на Републиката со декларираните единици учествува во мировните операции и ги исполнува меѓународните воени обврски. Нејзините осонвни задачи опфаќаат: планирање и организација, планирање и употреба, спроведување на обука и вежби, планирање и спроведување персонален менаџмент, разузнавање, контраразузнавање и заштита на силите, логистичка поддршка, организирање и подготовка на КИС, планирање на финансиски средства, цивилно воена соработка и други активности. Командант на 1. пешадиска бригада е бригадниот генерал Сашко Лафчиски, заменик-командант е полковник Горан Петрушевски, а офицер за морал во бригадата е мајор Климент Полинцев.
Во состав на организациската структура на 1. пбр се следниве единици: штабна чета;1. пешадиски баталјон, командант е потполковникот Шпејтим Черими; 2. пешадиски баталјон, командант е потполковник Зоран Сумрачки; 3. пешадиски баталјон, командант е потполковникот Игор Станковски; 4. пешадиски баталјон, командант е потполковникот Горан Трајановски; Артилериски баталјон, командант е потполковникот Славчо Кузмановски; Чета за врски, командир е поручникот Блашко Палитов; чета за АБХО, командир е капетанот Иван Жежов и Тенковскиот баталјон, командант е потполковникот Дејанчо Глически.
Во текот на месец април од страна на министерката за одбрана Славјка Петровска свечено беше отворена спомен-собата на Првата пешадиска бригада. Според министерката, ваквите спомен-соби се само уште еден поттик за создавање на еден голем Воен музеј, зашто македонската Армија има традиции од многу одамна.
Како воен историчар од Воената академија, направив повеќе средби и предлози за формирање на спомен-соби на сите наши армиски единици на ниво на баталјон и повисоко. Со тоа што нема да ни биде лесен патот да ја напишеме историјата на секој од баталјоните, а процесот на формирање на спомен-соби ќе одземе време и пожртвуваност, но затоа за возврат ќе добиеме единици со интегритет и морал.
На крајот,ќе зклучам дека без историја, нема народ, нација и на крајот нема држава. Тоа историјата досега многупати го има докажано. Секој оној кој не си ја знае и почитува историјата секогаш ќе мора да ја повторува.

д-р Андреј Илиев





# Република Северна Македонија – домаќин на вежбата „Брз одговор 23“

Министерката за одбрана Славјанка Петровска, на брифинг за новинарите ја најави најголемата вежба годинава, која ќе се одржи на армискиот полигон „Криволак“ и ќе трае од 22 мај до 2 јуни

Вежбата „Брз одговор 23“ (Immediate Response 23) е во организација на Армијата на САД за Европа и Африка, а во нашата земја учество ќе земат околу 1850 припадници на вооружените сили на 5 земји: 4 сојузници – Северна Македонија, САД, Албанија и Црна Гора и една партнерска земја – Косово. Оваа голема вежба е уште еден доказ за нашиот придонес во развојот на интероперабилноста и капацитетите на Армијата. „Северна Македонија, како и многу пати досега покажува дека е активна и кредибилна земја членка на НАТО алијансата. Кредибилен сојузник, кој и на дело дава свој придонес во колективната и заедничка безбедност. Една од клучните алки за безбеден регион и безбедноста на НАТО е нашата интероперабилност, односно можноста да работиме заедно, да ги запознаеме подобро, да ги сработиме подобро процедурите и потребата да делуваме како една сила која е сила која гарантира мир и безбедност“, рече министерката за одбрана Славјанка Петровска на брифингот за новинарите по повод одржувањето на големата вежба. Министерката порача дека како домаќин на оваа вежба Северна Македонија покажува дека е кредибилен сојузник и дека армискиот полигон „Криволак“ повторно покажува дека е полигон на кој можат да се организираат големи и комплексни вежби. Додаде дека како и изминатите неколку години, и за оваа вежба заедно со универзитетската лабораторија АМБИКОН на штипскиот универзитет организиран е мониторинг на влијанието на вежбовните активности врз животната средина. Мерењата на претходните вежби покажаа дека вежбовните активности немаат негативно влијание на животната средна. Петровска истакна дека оваа вежба е и приказ на стратешкото партнерство со САД, кои се наш докажан партнер и сојузник во НАТО. Заменикот-амбасадор на САД, Ерик Мејер, на брифингот истакна дека ваквите вежби помагаат во градењето на подготвеноста и унапредувањето на оперативните способности на НАТО сојузниците.

Пред официјалното започнување на вежбата, на спортскиот аеродром „Аџи Тепе“, во близина на Куманово, се одржа „Отворен ден за јавноста“ со приказ на дел од воздухопловите, вооружувањето и опремата на учесниците на вежбата „Брз одговор 23“. На отворениот приказ на воздухоплови на армиите на Република Северна Македонија и на САД граѓаните со особен интерес ги разгледаа борбениот хеликоптери „AH-64 Apache“, транспортните хеликоптери „UH-60“ и „HH-60“ (Black Hawk), „CH-47“ (Chinook), и „Ми 8/17“. Од возилата и опремата беа прикажани возила од видот „хамви“, со различен вид вооружување, специјализирани АБХО и амбулантно возило, лесното тактичко оклопно возило „JLTV“, оклопни возила „кобра“ и „хармелин“, падобранска, алпинистичка, нуркачка, АБХО и друга опрема. Меѓу изложените средства беше и роботизираното софистицирано возило, т.н. „PROJECT ORIGIN“, кое е во пробна употреба на Армијата на САД и претставува платформа за тестирање и демонстрација на нови технологии. Присутните граѓани преку директна комуникација со армиските припадници имаа можност, покрај со техничките карактеристики на изложените средства, да се запознаат и со воената професија, како и да се фотографираат во воздухопловите и возилата. Како дел од цивилно-воената соработка, на спортскиот аеродромот можеше да се види и изложба на цртежи на учениците од средните кумановски училишта, а беше присутна и музичка изведба од оркестарот од Гимназијата „Гоце Делчев“.





# МУЛТИНАЦИОНА
# „IMMEDIAT



## Отворен ден за граѓаните
Спортски аеродром „Аџи Тепе", Куманово





# АЛНА ТЕРЕНСКА ВЕЖБА
# TE RESPONSE 23"



# Повеќенаменски воен хеликоптер „H225M“

Хелиоптерот „H225M“ е среден транспортен повеќенаменски двомоторен хеликоптер со еден главен ротор со 5 елиси. За изработка на конструкцијата се користи алуминиум и композитни материјали. За влез во леталото од секоја стана има по една врата за пилотите и по две лизгачки врати за транспортната кабина. Помеѓу нив е вградено прозорче од кое може со митралези да се дејствува од хеликоптерот. Во леталото максимум може да се сместат 2 члена на екипажот (пилот и копилот), еден авиотехничар/ ракувач на товар и до 28 војници. Војниците се сместуваат на 2x14 седишта кои се проектирани да ја апсорбираат енергијата на удар при принуден пад/ слетување на леталото. При медицинска евакуација во транспортниот оддел може да се сместет 11 носила и 5 седишта за повредени или медицински перонал. Инаку, транспортниот простор поседува околу 20 m³. Кај бочните врати од транспортниот оддел по потреба се поставуваат двојни дигалки со сајли од 88 m, со кои може да се подигне товар од 272 kg. Додека на централниот дел од патосот има отвор низ кој се пушта главната носечка сајла за екстерниот товар од максимум 4750 kg. Инаку за справување со пожари на товарната кука леталото може да понесе ведро за вода со капацитет од 4000 литри. Кокпитот на „H225M“ е опремен со најсовремена авионика и нов интегриран систем за прикажување, вклучувајќи и дигитална карта. Односно, комплетот за прикажување на контролната табла вклучува седум дисплеи со течни кристали од кои четири се мултифункционални дисплеи со димензии 6 x 8 инчи и два дисплеи за прикажување на параметрите на хеликоптерот со димензии 4 x 5 инчи. Пилотот и копилотот поседуваат кациги на кои може да се постави визир за ноќно летање и нишански систем. За управување со леталото и за поголема контрола и безбедност на летање е вграден четириканален двоен дуплекс дигитален автоматски систем за контрола на летот. Напредниот хеликоптерски кокпит и систем за авионика вклучува систем за автоматска контрола на летот развиен од SAGEM, кој ги интегрира податоците за летот, навигацијата и тактичката мисија Односно, вграден е систем за менаџирање на летот составен од DOPPLER радар со GPS и SAR модови и инерцијален навигациски систем надграден со GPS уред. За заштита на екипажот и авиониката, кокпитот и транспортниот оддел можат да бидат оклопени. Во долниот дел под патосот на леталот има резервоар за гориво од 2539 литри, а во задниот транспортен простор може да се постави дополнителен резервоар за гориво со капацитет од 990 литри. За заштита на леталото од противнички ПВО дејства, на различни позиции се вградени сензорски системи за електронско војување во чиј склоп се: сензор за радарска озраченост, сензор за детекција на лансирана ракета в-в, сензор за детекција од ласерска озраченост и лансери на мамки за ракети. „H225M“ кај бочните прозорчиња има постаменти на кои може да се постави митралез FN MAG (верзија MAG-58), со калибар 7,62 mm, а кај десните лизгачки врати од транспортниот простор е поставен автоматскиот топ GIAT M621 (верзија SH20), со калибар од 20 mm. По желба на корисникот од страните на леталото може да се поставаат носечки столбови, секој опремен со по еден носач за оружје. На носачите може да се поставаат подвесни контејнери со митралез од 12,7 mm или 20 mm и повеќецевни лансери на ракети (со 19 цевки) со калибар од 68 mm, додека морнаричката верзија се опремува со две противбродски ракети AM39 Exocet или торпеда MU90 Impact. Како погон во леталото се вградени 2 мотори Turbomeca MAKILA 2A1, секој со моќност од 1.776 kW. Моторите се опремени со двоканален систем за дигитална контрола. На всисниците за воздух се поставени заштитни решетки (филтри) за да се спречи внесување на различни предмети во моторите, а на издувните млазници од моторот може да се постават уреди за разредување на топлите издувни гасови од моторот. Благодарени на прилагодливата конструкција од „H225M“ се развиени неколку основни верзии: за тактички транспорт, за медицинска евакуација, за специјални мисии и борбено пребарување и извлекување и за поморски операции (противбродска и подморничка борба). Но, леталото може да се користи и за други мисии. Корисници на воениот хеликоптер „H225M“ се 11 држави во светот, од кои држави членки на НАТО кои го користат се Франција и Унгарија.

Ивица Дамески





**Објаснување на пресек-сликата**
**Пресек-слика на „H225M“**

1. Заден ротор
2. Хоризонтален управувачки стабилизатор
3. Композитна елиса
4. Глава од роторот која овозможува склопување на елисите наназад
5. Уред за разредување на топлите издувни гасови од моторот
6. Надворешни заштитни оклопни плочи за кокпитот
7. Всисник за воздух (со филтри) за моторот
8. Секач на жица
9. Систем за електронско војување во чиј склоп се: сензор за радарска озраченост, сензор за детекција на лансирана ракета в-в, сензор за детекција од ласерска озраченост
10. Телескопски приклучок за дополнување на гориво во воздух
11. Електронско-оптички ТВ/ИЦ набљудувачко-нишански систем Euroflir™ 350
12. Систем за надувување при принудно слетување на вода при временска состојба на море ниво 6 (бура)
13. Бочен прозорец
14. Пребарувачки рефлектор
15. Двојна дигалка




**16**. Автоматски топ GIAT M621 (верзија SH20), со калибар 20 mm

**17.** Дополнителен внатрешен резервоар за гориво од 990 литри

**18.** Транспортна кабина

**19.** Автоматски топ GIAT M621, со калибар 20 mm

**20.** Бочни врати со лизгачко отварање

**21.** Митралез FN MAG (верзија MAG-58), со калибар од 7.62 mm

**22.** Бочен стрелец

**23.** Кокпит

**24.** Подвесен контејнер со митралез од 12,7 mm

**25.** Подвесен контејнер со топ од 20 mm

**26.** Повеќецевен лансер на ракети со калибар од 68 mm

**27.** Носач на оружје

**28.** Греда од системот за брзо спуштање со јаже

**29.** Систем за надувување за принудно слетување на вода

**30.** Лансер на мамки за ракети

**31.** Опашка на хеликоптерот која може да се склопи на лево

| Тактичко-технички каратеристики на „H225M“ | |
|---|---|
| **Екипаж** | 2 пилоти + до 28 десантни војници |
| **Должина со ротор** | 19,5 m |
| **Должина на трупот** | 16,79 m (со роторот од опашката) |
| **Максимална височина** | 4,97 m |
| **Широчина на трупот** | 3 m |
| **Дијаметар на роторот** | 16,2 m |
| **Тежина празен** | 5.740 kg |
| **Максимална полетна тежина** | 11.000 kg |
| **Погон** | 2 мотори Turbomeca MAKILA 2A1, секој со моќност од 1776 kW |
| **Максимална брзина** | 324 km/h |
| **Крстосувачка брзина** | 262 km/h |
| **Плафон на лет** | 3.968 m |
| **Палафон на лебдење** | 792 m (со максимална тежина) |
| **Капацитет на внатрешно гориво** | 2.539 литри |
| **Долет со внатрешно гориво** | 909 km |
| **Внатрешна носивост** | 5.260 kg |
| **Надворешна носивост на товар со кука** | 4.750 kg |




# Хеликоптер „Enstrom 480“

Компанијата „Enstrom Helicopter Corporation“ е американски производител на хеликоптери, со седиште на аеродромот во Мичиген. Таа била основана во 1959 година од рударскиот инженер Rudolph J. Enstrom. За нејзината работа во тоа време биле ангажирани неколку искусни аеронаутички инженери. Првиот производ на компанијата бил авион од 1965 година. Иако инженерот Enstrom бил отстранет од компанијата, таа продолжила да го носи неговото име. „Enstrom Helicopter Corporation“ има произведено три модели на хеликоптери: F-28, аеродинамичниот 280 и турбинскиот мотор 480, секој со свои варијанти.
Во период кога Армијата на Соединетите Американски Држави доставила барање за тренажен хеликоптер, оваа компанија ја произведувала поголема верзија на хеликоптерот од типот „280 Shark“. Предложената варијанта била означена како TH28 (TH за

> Хеликоптерот „Enstrom 480“ е лесен хеликоптер кој може да се користи во повеќе намени: транспорт на патници и товар, обука, спроведување на законот, патрола на далноводи и гасоводи, електронско собирање информации, фотографирање од воздух и слично

„тренинг хеликоптер“ изведен од 280), а предлогот на Армијата бил NTH (NTH за „нов хеликоптер за обука“). Напорите за договор со Армијата не бил целосно успешен, па затоа раководството на Enstrom продолжило со комерцијална верзија која била претставена дури во 1993 година. Со подобрување на постоечките производи на компанијата доаѓа до воведување на турбински погон 480, кој првично бил развиен како одговор на барањето за понуди за воен хеликоптер во делот на обуката.

**Трансформација на компанијата**
Од испораката на својот прв хеликоптер (кратко време после сертификација на моделот F-28 од Федералната управа за авијација во април 1965 година), компанијата „Enstrom Helicopter Corporation произвела над 1100 варијанти, сè до јули 2011 година. Големата рецесија значително го забавила производството и во компанијата останале само 60-ина вработени. Таа произвела само шест хеликоптери во 2010 година. Трансформацијата во поново време доведува до продажба на „Enstrom Helicopter Corporation“ која се реализирала во 2013 година на кинеска компанија (Chongqing Helicopter Investment Corporation). Со кинески инвестиции таа се проширила, зголемувајќи ја својата работна сила на 200 луѓе и со планови да ги прошири своите физички капацитети (пред сè поради планираната зголемена продажба во Азија).



Компанијата склучила договор со владата на Венецуела во 2014 година за испорака на неколку варијанти на хеликоптерот „Enstrom 480“ кои ќе се користат за обука на вооружените сили на земјата. Договорот бил постигнат после една деценија откако Венецуела одлучила да купи хеликоптер од американски производител, а испораката опфатила резервни делови и техничка помош. Првиот од хеликоптерите бил испорачан во октомври 2015 година. „Enstrom Helicopter Corporation“ се рангирал на третото место во продажба на клипни хеликоптери, со 22 испорачани хеликоптери во 2018 година и 16 хеликоптери во текот на 2019 година. Во јануари 2022 година, компанијата прогласила банкрот поради финансиски потешкотии во работењето. Техничка поддршка за клиентите на „Enstrom Helicopter Corporation“ престанала на 19 јануари 2022 година. Во моментот на нејзиното затворање иако имала триесетина вработени, голем број инвеститори изразиле интерес за купување на имотот на компанијата и повторно продолжување на производството. Истата година, компанијата „Surack Enterprises“ ја купува „Enstrom Helicopter Corporation“ со почетна цел да го рестартира производството на делови, а потоа и производството на хеликоптери, со идни планови за развој на нови варијанти од флотата. Во декември 2022 година на компанијата и бил доделен сертификатот за производство. Со хеликоптерот моментално управуваат 18 земји ширум светот.

**Карактеристики на хеликоптерот „Enstrom 480“**

Хеликоптерот „Enstrom 480“ е лесен хеликоптер кој може да се користи во повеќе намени: транспорт на патници и товар, обука, спроведување на законот, патрола на далноводи и гасоводи, електронско собирање информации, фотографирање од воздух и слично. Бил развиен со цел да ги замени хеликоптерите „Bell 206B Jet Ranger“ и „McDonnell Douglas 500“. Моторот е способен да произведе сила од 420 кс, при што хеликоптерите при висока температура или на голема надморска височина имаат значителен степен на моќност. Моторот придвижува главен ротор со три краци, како и заден ротор. Поради неговата големина и едноставноста, нема хидрауличен систем. Постојат неколку варијанти на хеликоптерот „Enstrom 480“. Варијанта 480 е цивилна верзија на хеликоптерот со пет седишта, сертифицирана во ноември 1993 година. Варијанта 480B претставува понова варијанта, сертифицирана во 2001 година во САД, а во 2019 година во Канада. Оваа варијанта е дизајнирана да има повеќе простор во кабината, подобра видливост и големи седишта. Конфигурирана е да прими пет патници и еден пилот. Новиот распоред на седиштата во хеликоптерот обезбедува повеќе простор за нозете и главата, додека дизајнот на кокпитот му овозможува да изведува повеќе операции.
И како последна е варијантата 480B Guardian која претставува хеликоптер за спроведување на законот (конфигуриран за полициски операции). Поседува дополнителна опрема како што е: светла за пребарување, FLIR, инфрацрвени детектори, систем за ноќно гледање и специјална авионика. Претставува многу стабилен хеликоптер кој моментално се користи од голем број агенции за спроведување на законот ширум светот.

Драган Павловски




| | |
|---|---|
| Посада | 1 |
| Должина | 9,9 м |
| Ширина | 2,92 м |
| Тежина на празен хеликоптер | 825 кг |
| Максимална тежина на полетување | 1361 кг |
| Дијаметар на главниот ротор | 9,75 м |
| Крстосувачка брзина | 211 км/час |
| Максимална брзина | 234 км/час |
| Плафон на лет | 4000 м |
| Брзина на качување | 7,62 м/сек |
| Долет | 800 км |
| Потрошувачка на гориво | 61 л/час |



# „AMX 10RC“ - француско оклопно извидувачко возило на тркала

„AMX 10RC“ е извидувачко возило со средна тежина вооружено со топ од 105 мм. Возилото е испорачано од компанијата „Nexter Systems“ (поранешен „Giat“) и истото е во служба во Француската армија (300 парчиња) од 1980 година, во Вооружените сили на Мароко (108 парчиња) и во Катар (12 парчиња). Новата компанија, „Satory Military Vehicles“, беше формирана од компаниите „Giat“ и „Renault“ со одговорност за возилата AMX-10RC и голем број други возила, вклучувајќи ја и серијата VAB. Меѓутоа, во септември 2003 година, беше одлучено да се затвори оваа компанија. Дополнително беше утврдено дека „Giat“ ќе биде главен изведувач и ќе има одговорност за маркетинг на производите VBCI, AMX 10P и AMX 10RC, додека компанијата „Renault Trucks Defense“ е главен изведувач и има одговорност за маркетинг на VAB. Извидувачките возила „AMX 10RC“ се со доста големо борбено искуство, истите беа распоредени во Чад за време на операцијата Манта во 1983/84 година, во Ирак во 1991 година за време на операцијата Пустинска бура и за поддршка на операциите на ОН на Косово. „AMX-10RC“ е извидувачко возило со добра мобилност и огнена моќ. Има карактеристичен изглед и е прилично голем за возило за оваа улога. Иако многу автомобилски компоненти се споделени со борбеното возило на пешадијата „AMX-10P“, сепак неговата улога и изглед се многу различни.

> „AMX 10RC“ е извидувачко возило со средна тежина вооружено со топ од 105 мм. Возилото е испорачано од компанијата „Nexter Systems “.

**Програма за надградба на извидничко возило „AMX-10RC“**

Во декември 2000 година, француската армија додели договор за надградба на 256 возила AMX-10RC. Надградбата вклучуваше нов автоматски менувач, нов електрохидрауличен систем за контрола на суспензијата, дополнителна заштита на оклопот, информативен систем за управување со бојното поле, систем за самозаштита „Galix“, систем за ласерско предупредување, IFF-систем (идентификација, пријателски или непријателски сили), термичка слика за ноќно гледање и PR4G комуникациски системи од компанијата „Thales“ (поранешен Thomson - CSF). Два прототипа на возила беа испорачани во 2002 година за тестирање. Испораките на првите надградени возила започнаа во 2005 година, а 100-тото надградено возило беше испорачано во февруари 2008 година. Првото оперативно распоредување на надградените возила беше во Брегот на Слоновата Коска со Француската легија на

странци во 2006 година. Надграденото возило распоредено во француската армија е познато како „AMX 10 RC rénové“.

**Информациски систем за управување со информации за бојното поле**

Информацискиот систем за управување со бојното поле, информацискиот систем за терминал SIT V1, е развиен од компаниите „Nexter“ и „EADS Defense Electronics Systems“ и се заснова на системот FINDERS интегриран на тенковите „Leclerc“ на француската армија. Компанијата „Nexter“ е одговорна за софтверот и системската интеграција, додека „EADS“ за компјутерскиот и графичкиот терминал.
Системот ги поврзува вооружените системи и ескадронските командни возила кои се опремени со нив со синџирот на команда. Тие овозможуваат размена на дигитализирани податоци, вклучително и тактичка ситуација и графички наредби прикажани на мапа на позадина, помеѓу возилото и командното возило на ескадрилата.

**Конфигурации на куполата на „AMX 10RC“**

Постојат две конфигурации на куполата за „AMX 10RC“: куполата TK 105 со лесен топ од 105 мм или куполата TML 105 со стандарден НАТО топ од 105 мм, и двете произведени од компанијата „Nexter Systems“. Куполите TK 105 и TML 105 користат таканаречен „mantlet“ заштитен нишан, кој е цврсто поврзан со движењата на топот заради прецизност на пукањето.
Куполата TML 105 има транспортер за складирање и полнење на муниција. Муницијата од типот APFSDS 105 F1 (armour-piercing, fin-stabilised, discarding sabot) произведена од страна на „Nexter Munitions“, испукана со топот на куполата TML 105, може да уништи единечни и тројни тешки тенкови на растојание од 2.200 метри. Веројатноста за погодок е наведена како поголема од 90% на 2.000 метри. Блиската одбрана на возилото „AMX 10RC“ ја обезбедува коаксијален митралез од 7,62 мм.

**Карактеристики на возилото „AMX 10RC“**

Возилото има слични крос-кантри перформанси како оние на возилата гасеничари. Преносот и суспензијата се интегрирани во внатрешноста на трупот за да се спречи оштетување. Управувањето со лизгање овозможува вртење на самото место.Притисокот во гумите може да се прилагоди при движење за да одговара на условите на подлогата на патот. Возилото може да продолжи да се движи со целосно или делумно уништување на една или две од шесте гуми.
Хидропневматската суспензија е испорачана од „Messier Auto Industrie“.
Возилото „AMX 10RC“ може да совладува наклони од 50%, странични косини од 30%, ровови од 1,65 m и вертикални препреки до 0,8 m.
Возилото има одржлива максимална брзина од над 85 км/ч на патишта и автономија без гориво од 1.000 км.
Амфибиски е со максимална брзина од 2 m/s во вода. Водениот погон го обезбедуваат два водни млазови.
Исто така, може да се транспортира во воздух во авион C-130, IL-76 или „Boeing 747“.
Борбениот комплет на муниција за куполата TK 105 е 38 гранати, додека за куполата TML 105 е 30 гранати.
Возилото е опремено со 4 банки на фрлачи на чадни гранати или Galix систем (противпешадиски гранати, димни гранати и мамки). Оператори на овие возила се Француската армија, Кралската армија на Мароко и Катар. Неодамна Франција понуди серија од овие возила на Украина, каде што ќе стапат во оперативна употреба во текот на 2023 година.

Идриз Идризоски




| Останатите спецификации на оклопното возило „ AMX 10RC“ се: | |
|---|---|
| Производител | Nexter Systems |
| Должина на шасија | 6,35 метри |
| Целосна должина | 9,15 метри |
| Широчина | 2,95 метри |
| Висина | 2,29 метри |
| Тежина | 16,6 тони со TK 105 купола или 17,7 со купола TML 105 |
| Јачина на мотор | 300 hp |
| Посада | 4 |
| Вооружување | NATO стандард 105 mm топ и коаксијален митралез 12,7mm |
| Муниција | APFSDS F1 и heat F1 и AFPDS 105 и HEAT 105 |
| Автономија на опсег | 1000 km |
| Растојание од патот (ground clearance) | 210-600 мм |
| Максимална брзина на пат | 85 km/h, средна брзина 65 km/h |
| Амфибиска | 2 m/s |




# „Lavochkin La-5"

На самиот почеток на Втората светска војна, военатa индустрија на Советскиот Сојуз работела со нормално кон интензивно темпо, но без ургенција за развој на иновативна техника и опрема. Ова било практично и до некаде разбирливо бидејќи Сталин и Хитлер имале веќе склучен пакт за меѓусебно ненапаѓање. Но по германското предавство на тој пакт, и нивното брзо и молскавично заземање на советска територија, голем дел од советската воена индустрија била релоцирана далеку од фронтот и од оперативниот дострел на германските бомбардери. Меѓу другото, германскиот напад на Советскот Сојуз во 1941 година, значело и будење на советските научници и дизајнери. Набргу биле издадени строги директиви од страна на комунистичкиот политички врв кон сите способни дизајнери и инженери за покренување на процес на производство на современа борбена техника и опрема, вклучувајќи и авиони. Во доцните триесетти и раните четириесетти години од минатиот век, Военото воздухопловство на Советскиот Сојуз располагало со релативно бавни авиони заосновани на прилично застарена технологија и неразвиена доктрина.Токму од еден таков постар авион, се родил еден од најдобрите ловци во Втората светска војна, „Lavochkin La-5". Авионот претставувал изненадување за самоуверените германски пилоти, кои забележувале огромни воздушни победи на советското небо. Дополнително, со појавата на „La-5" Советскиот Сојуз добил борбена машина чии способности придонеле драстично да се зголеми моралот на сооветските пилоти а со тоа и моралот на советската пешадија која веќе во средината од Втората светска војна била во голема контраофанзива. „La-5" претсавувал еден од главните заштитници на копнената војска која брзо напредувала кон Берлин. Воздухопловот бил способен да се спротистави на скоро сите германските воздухопловни новитети, од клипно придвижувани па сè до модерни млазни воздухоплови на германското воено воздухопловство. „Lavochkin La-5" бил директен продукт од застарените советски ловци „LaGG-1" и „LaGG-3". На 29 јули, 1939 година, мал дизајнерски тим предводен од Владимир Горбунов добил директива од советскиот политички врв да дизајнира брз воздухоплов целосно изработен од дрво. Горбунов бил поставен за одговорен челник на проектот, додека Семјон Лавочкин бил одговорен за дизајнот на ловецот, а Михаил Гудков бил задолжен за набавка на материјали и производство. На 30 март, 1940 година, новиот ловец, изработен целосно од дрво го забележал својот прв лет. Имено, ловецот „LaGG" бил целосно изработен од тенки слоеви на шперплоча од брезово дрво, меѓусебно залепени со катранска смеса добиена исто од бреза. Оваа смеса дозволувала шперплочата да биде обликувана во разни аеродинамички форми. Целосната кобинација била потешка од употреба на конвеционално дрво, но затоа конструкцијата на авионот била поцврста и отпорна на оган. Како финален чекор во изработка на дрвената конструкција, авионот бил премачкан со темноцрвена – бордо боја, поради која го добил и својот прекар – „пијано". Воената

индустрија на Советскиот Сојуз имала неограничени резерви на дрва, па затоа ретките метални легури кои биле тешки за набавка биле насочени кон повеќе стратешки цели. Во исто време, Советскиот Сојуз добил основа за развој на моќен ловец изработен од дрво. Покрај импресивните иницијални перформанси, варијантите на авионот „LaGG“, „LaGG-1“ и „LaGG-3“ имале значителни проблеми со моторот, па затоа дизајнерот Лавочкин бил ставен на црната листа на Сталин, и сите фабрики кои биле наменети за производство на авионот „LaGG“ биле назначени за производство на ловци од ривалната компанија „Yak“. Покрај овие таканаречени политички сопки и несогласувања, Лавочкин продолжил да работи неофицијално со цел да го подобри дизајнот и генералните перформанси на авионот „LaGG-3“. Во 1942 година, покрај макотрпен процес на работа, линискиот мотор на „LaGG-3“ бил конечно заменет со „sвезда“-моторот „Shvetsov Ash-82“. Големината и формата на моторот довеле и до промена на дизајнот на носниот дел на авионот. За таа цел, воздухопловот практично добил нос од друг советски авион, „Sukhoi Su-2“. Дополнително, новиот мотор причинувал и работа кон задржување и одржување на рамнотежата на авионот. Прототипот го забележал својот прв лет во месец март 1942 година. Воздухопловот демонстрирал изненадувачко позитивни способности кои според советските пилоти биле супериорни со ривалниот ловец „Yak-7“. До месец јули истата година, авионот веќе бил одобрен и назначен за сериско производство. Со започнувањето на сериското производство назначените промени придонеле за промена на името на авионот во „La-5“. Сериското производство се одвивало во фабрики лоцирани во Москва, и претежно фабрики лоцирани во регионот Јарослав. Со сериското производство авионот добил и автоматски крилца, односно „флапови“ лоцирани на нападниот раб на крилата. Овие крилца овозможувале поголем процент на „лифт“ на авионот, а со тоа и збогатување на способноста за маверврирање со потесен лак при вртење во услови на воздушна битка. Летачките способности на „La-5“ биле инфериорни во споредба со најновите германски ловци на големи висини. Но неговите способности биле значително супериорни на мали висини. Земајќи предвид дека скоро 95% од воздушните битки на источниот фронт се воделе под 5000 метри надморска висина, „La-5“ бил во постојана предност за разлика од најсофистицираните нови германски ловци чии способности на



мали висини биле инфериорни. Покрај сите позитивни знаци и перформанси на авионот, „La-5“ имал и неколку проблеми. При вртење со голема брзина, било потребно значителна физичка сила за контролирање на пилотксиот џојстик. Толку било тешко, што на авионот му требале 25 секунди да направи круг, што било премногу долг период за ловец со еден мотор. Најголемата причина за овој проблем била големата тежина на воздухопловот. Исто така, зголемениот напор на моторот со цел да се изведе овој маневар, некогаш предизвикувал исфрлање или прскање на масло директно на предниот панел од пилотската кабина.

Овие проблеми биле занемарени со чувство дека натамошниот развој ќе придонесе кон нивно решавање. Генералните перформанси на авионот биле повеќе од задоволителни споредбено со проблемите, па затоа сериското производство на авионот било иницирано покрај минорните недостатоци. За прв пат, есента 1942 година, Советите забележале нов тип на германски воздухоплови, „Bf-109 G-2“ и „Fw-190 A-3“. Двата ловци достигнувале максимална брзина од 610 километри на час, додека „La-5“ можел да достигне околу 580 километри на час. За надминување на предизвикот, авионот добил специјален нов мотор „M-82F“ од компанијата „Shvetsov“.

| **Главни карактеристики на „Lavochkin La-5FN“** | |
|---|---|
| **Посада** | 3 |
| **Должина** | 8,67 метри |
| **Распон на крила** | 9,8 метри |
| **Мотор** | Еден „звезда“ мотор M-82FN од компанијата „Shvetsov“ со 14 цилиндри кои имале можност да развијат 1960 коњски сили под полн форсаж. |
| **Максимална брзина** | 648 километри на час |
| **Опсег на оперативно летање** | 765 километри |
| **Максимална висина на летање** | 11 000 метри |
| **Вооружување** | Два топа „ShVAK“ со калибар од 20 милиметри лоцирани во носниот дел на авионот, со 170 парчиња муниција по топ. Капацитет за носивост од две бомби од по 100 килограми. |



Буквата F значело дека моторот имал фабричка вградена способност за боголем и подолгтраен „форсаж“ кој бил мануелно вклучуван по потреба на пилотот во услови на воздушна битка. Овој сегмент му додавал на авионот уште 160 дополнителни коњски сили, автоматски зголемувајќи ја брзината и способностите на воздухопловот. Натамошното производство на авионот, забележало и мерки кои овозможиле намалување на севкупната тежина, како намалување на внатрешните резервоари за гориво, од 5 иницијално замислени на 3. Биле направени дополнителни модификации на пилотската кабина, зголемувајќи ја прегледноста на пилотот и други мали но важни промени кои постојано ја задржувале супериорноста на „La-5“ во воздушните битки. Имено, како една многу битна промена е инкорпорирањето на друг мотор од компанијата „Shvetsov“ кој имал директно вбризгување на гориво во цилиндрите. Новиот мотор бил именуван M-82FN и развивал 1850 коњки сили, 150 коњски силиповеќе од претходниот морот M-82F. Сите овие промени овозможувале максимална брзина на авионот од 585 километри на час на 3650 метри надморска висина, сегмент кој на таа висина го правел „La-5“ многу побрз од тогашниот најмодерен противник, германскиот „Fw-190 A-4“. Варијантите на „La-5“ своевремено придонеле кон производство на уште подобри воздухоплови. Сите варијанти на „La-5“ резултирале со бројка на производство од 9920 примероци.

Димитар Даневски

## Народни херои

# Народен херој Ванчо Прке-Сермен



Ванчо Прке бил роден во с.Серменин, Гевгелиско во 1921 г. Мајка му, сиромашна вдовица, го дала во Штип во друго семејство, каде завршил гимназија, а потоа студирал на Техничкиот факултет во Белград, од 1939, каде што станал член на КПЈ во 1941 г. Паралелно со студиите, за Издавачкото претпријатие „Нолит“ преведувал руска литература.
Пред фашистичката окупација се вратил во Македонија, каде станал еден од организаторите на НОБ во Штипско. Како член на Обласниот комитет на КПМ (1943) извесно време престојувал во Битола и Битолско и бил политички комесар на Битолско-преспанскиот партизански одред.
Потоа пак се вратил во Штип (април 1943) и станал политички комесар на новоформираниот Плачковички партизански одед.
На 19 мај 1943 година Ванчо Прке година тргнал со група партизани на Плачковица. Во подножјето на планината групата застанала да се одмори во една колиба. Тука на 21 мај ги стигнала потерата на бугарската полиција и ја опколила колибата.
Во групата само тој имал пушка, додека другите биле невооружени.
Им наредил на останатите да се пробијат до планината, додека тој го заштитувал нивното повлекување.
Пукал во бугарските фашисти додека имал муниција, а потоа со последниот куршум во пушката тргнал на непријателот и во тој момент паднал погоден од митралески рафал.

> Ванчо Прке бил македонски комунист и учесник во НОБ. Загинал над село Градец, Виничко, на 21 мај 1943 г. Прогласен е за народен херој на Југославија на 2 август 1949 година

За народен херој бил прогласен на 2 август 1949 година. Во негова чест неколку училишта со гордост го носат неговото име. Куќата на Ванчо Прке во Штип е прогласена за македонско културно наследство.
Името на народниот херој Ванчо Прке е запишано со златни букви во македонската историја,а неговиот херојски подвиг со својот млад живот да ги спаси животите на своите другари е патоказ за сегашните и идни генерации Македонци.

Антоанела Димитриевска




# „Хобартовите чудесии“

„Хобартовите чудесии“ биле модифицирани тенкови „Черчил“ и „Шерман“ со необичен изглед кои се користеле за поддршка на растоварувањето на сојузниците во Нормандија, Франција, на 6 јуни 1944 г.

Елитните германски единици верувале дека се исклучително подготвени да го бранат францускиот брег од претстојниот напад на сојузниците. До денот Д, Германците имале време да ископаат длабоки ровови, да изградат бетонски бункери, нанижат илјадници километри бодликава жица, да постават секаков вид челични пречки и смртоносни мини и да воспостават зони покриени со митралески и артилериски оган. За да се справат со мноштвото пречки, британскиот експерт, генерал-мајор Перси Хобарт добил задача да дизајнира и тестира прототипови на тенкови, модифицирани на таков начин што ќе помогнат во кршење на атлантскиот бедем кога сојузниците ќе го отворат 2. фронт во Западна Европа со инвазија во Франција. Под надзор на Хобарт, обуката и опремувањето на 79. експериментална оклопна дивизија на Кралската инженерија била извршена во Источна Англија, Сафолк и Јужен Велс. Како подготовка за нападите на плажите во Франција, сојузниците изградиле копии на пречките, засновани на податоци од извидувачките фотографии. Биле земени предвид и многуте научени лекции од дебаклот од операцијата „Јубилеј“ која се однесувала на сојузничкиот напад на пристаништето Диеп, окупирано од Германија, на северниот брег на Франција во август 1942 г. Резултатот на тој напад бил вистински масакр, главно за Канаѓаните бидејќи 2. канадска пешадиска дивизија била избрана како главна сила на фронталниот напад. Нападот бил катастрофа и не биле постигнати големи цели. Повеќе од 3600 од воената сила од 6100 биле убиени, ранети, исчезнати или заробени. Целата опрема што била десантирана на брегот била изгубена. Проблем откриен во Диеп била неможноста на оклопните единици да обезбедат поддршка за пешадијата што се движела на плажата. Тенковите „Черчил“ во Диеп често се заглавувале во мекото влажно тло на плажата и немале доволна огнена моќ да ги исчистат утврдените позиции. Една




од главните цели била да се развие низа специјализирани оклопни возила за поддршка на идните амфибиски напади. Многу од идеите за новите специјализирани оклопни возила што ги користел Хобарт не биле оригинални. Некои веќе биле измислени и тестирани со различни степени на успех. Но, Хобарт и неговите инженерци во најголем дел ги надоградиле и ги направиле употребливи на бојното поле. На пример, „Скорпион“, модифициран тенк „Матилда“, бил користен за расчистување на минските полиња во Северна Африка, додека Советите адаптирале некои од своите тенкови Т-34 со мински валјаци. Носачи на делови од мост и снопови цевки или гранки исто така биле користени на други места, но Хобарт и неговите инженерци ги усовршиле технологиите и ја собрале најголемата и најелаборирана колекција на специјализирана опрема за напад на атлантскиот бедем.
Покрај „Хобартовите чудесии“, дивизијата понекогаш била нарекувана и „Менажерија“ или „Зоолошка градина“. 79. дивизија била единствена и по тоа што наместо да се бори како целосна единица, нејзините возила биле позајмувани, преку делегирани офицери за врска на британските и американските единици кога било потребно. Штом повеќе не биле потребни, тие биле префрлани назад во сопствената дивизија за нови задачи. Повеќето од модификациите вклучувале измени на британскиот тенк „Черчил“ или на американскиот тенк „Шерман“. Секој имал свои предности. „Черчил“ имал добри перформанси низ различни терени, а „Шерман“ бил сигурен заради неговата механичка сигурност. Денот Д бил голем предизвик за „Хобартовите чудесии“. Тоа била огромна маса на оклоп во водечките бранови на нападот, а специјализираната опрема била целосно изненадување, што ги обесхрабрило германските трупи и придонело кон стратешкото и тактичкото изненадување, што резултирало со релативно мал број на жртви на сојузничките војници на Денот Д.
„Хобартовите чудесии“ се збир на амфибиски тенкови, тенкови за чистење мини, тенкови за уривање, тенкови за исфрлање пламен, тенкови за поставување мостови и патеки, возила за извлекување, оклопни транспортери итн. Не сите од нив се користеле или не биле толку често користени како другите варијанти. Некои од дизајните се базирале на претходни идеи, додека некои биле нови пронајдоци. Една од главните новини на 79. оклопна дивизија била тоа што ги централизирала и ги обединила сите овие идеи. Производството било поделено меѓу Комонвелтот и американските фабрики. За време на десантот во Нормандија, под директна команда на 21. армиска група, „Хобартовите чудесии“ биле користени во првите бранови за да се пробијат германските одбранбени линии, да се обезбеди постојан проток на материјали и да се обезбеди безбеден премин понатаму во внатрешноста.
Тие учествувале во повеќето големи операции како битката за Брест, битката за вливот на Шелда и преминувањето на реките Рајна и Елба. Дивизијата била распуштена на 20 август 1945 г. Најголемата и најразновидната категорија на „Хобартовите чудесии“ било оклопното возило на Кралската инженерија или АВРЕ (AVRE - Armored Vehicle Royal Engineers). АВРЕ, всушност, не бил британски изум, туку канадски. Тоа била идеја на поручникот Џон Џејмс Денован од Кралската канадска инженерија. Денован, кој бил цивилен инженер пред војната, бил назначен во Одделот за дизајнирање на тенкови на британската армија. Еден од уредите што Денован го истражувал во периодот на последователно тестирање е минофрлачот „Blacker Bombard“, измислен од Латам В.С. Бомбард, пензиониран потполковник на британската армија. Тој го развил на почетокот на војната како минофрлач за да може да се користи како противтенковски оружје. Тоа било големо и тешко оружје, со тежина од околу 140 кг, кое користело црн барут за исфрлање на високоексплозивна граната од 4 кг или противоклопна граната од 9 кг на далечини до околу 400 м. За неколку недели, Денован и неговиот тим го измениле оружјето, така што биле во можност прецизно да испукаат граната со 13 кг експлозив до 75 м. Тестирањето докажало дека монтираниот минофрлач можел да уништува армирано-бетонски конструкции. Уредот добил зелено светло како замена за главниот топ на одредени тенкови „Черчил“ и бил нарекуван „Петарда“. Неговиот главен недостаток бил што по секое истрелување, минофрлачот можел да се наполни само рачно. АВРЕ бил дизајниран да носи разновидна опрема потребна за да ги совладува пречките или да ги отстрани од патот. АВРЕ бил дизајниран да изведува разни мисии, вклучувајќи поставување патеки преку пречки, распоредување на мостови за напади, пополнување на ровови со фашини (снопови од гранки, потенки стебла или цевки), извлекување на возила и изработка на мински полиња. Едно од попознатите „чудесии“ бил уредот за поставување патеки познат како „Бобина“, дизајниран да обезбеди



пат за самиот тенк и другите тешки возила да можат да совладат терен каде што вообичаено би се заглавиле. Покрај тоа, можело да се постави и на пречки од бодликава жица. Првичната платнена патека широка 9 м се одвиткувала од хоризонтален валјак монтиран напред на двојни краци пред тенкот што напредувал. Подоцна, патеката била заменета со платно со широчина од 11 м, долго 30 м, засилено со жица, развиено за сообраќај за пешаци и лесни возила. АВРЕ  можел да биде опремен и за носење на нападен мост долг 10 м, поставен на предниот дел на тенкот. Можел да совлада пречка од 9 м и да поддржи товар од 40 т, доволен за носење на кое било од возилата што се користеле на Денот Д, вклучувајќи го тенкот „Черчил“ или друг АВРЕ.
Еден од поедноставните уреди бил фасцинантниот носач, кој се состоел од носач во форма на лулка пред АВРЕ, за носење сноп со дијаметар од 2,5 м од гранки долги 3,3 м што можел да се ослободи за да се пополнат кратери или ровови за да можат тенковите да напредуваат. АВРЕ служел и како платформа за разни други разни уреди и апликации. Еден од тие бил опремен со торпеда „Бангалор“. На предниот дел на АВРЕ била монтирана лесна рамка што дозволувала поставување и истрелување на торпедата од војници кои биле заштитени од возилото. Друг уред бил познат како „Porpoise“. Тоа била водоотпорна санка што ја влечел АВРЕ, дизајнирана да ги чува суви дополнителните минско-експлозиви средства и муниција додека се превезуваат. За расчистување мини, сојузниците користеле модифицирани тенкови „Шерман“, наречени „Ракови“. Тие биле опремени со челични синџири и топки кои се вртеле на голем валјак монтиран на предниот дел од возилото. „Ракот“ бил значително подобрување во однос на претходниот тенк „Скорпион“. Бил опремен и со пар канти полни со креда кои ги означувале рабовите на исчистената патека за војниците да можат безбедно да ја следат. „Ракот“ го задржал главниот топ на „Шерман“ од 75 мм, овозможувајќи му на возилото истовремено да биде и топовска платформа.  „Ракот“ бил значително подобрување и бил во можност да исчисти патека широка 2,75 м, со должина од 2,5 км на час по соодветно рамно земјиште. Малку поинаку дизајниран „Рак“ го носел таканаречениот „канадски неуништлив ролерски уред“ (CIRD) кој користел ролери на пружини наместо синџири за да ја апсорбираат експлозијата.  Некои тенкови наречени „Bullshorn Plow“ имале монтиран огромен плуг што го расчистувале патот со подигање на мините од земјата, туркајќи ги на страна. Можеле да се користат



преку нерамен терен исполнет со кратери за расчистување на клучните области од нагазни мини, што би можеле да бидат пропуштени од „Раковите“.  „Ракот“ се покажал како едно од најефикасните „чудесии“ на Денот Д, како и подоцна за време на напредувањето на сојузниците. Можеби најстрашната чудесија бил „Крокодилот“. Митралезот во куполата на тенкот „Черчил“ бил заменет со фрлач на пламен. „Крокодилот“ носел 400 л лепливо запаливо гориво и азот како погонско гориво во оклопна приколка и имал домет до 150 м, што му овозможувало да уништува бункери, шуми и др. со едно или две исфрлања на оган. Тоа било, исто така, психолошко оружје, бидејќи никој не сакал да биде на спротивната страна на фрлачот на пламен, а кога се појавувал „Крокодилот“ и самото исфрлање на искра за палење на огнот, често пати било доволно за да предизвика војниците во бункерите да се предадат.
Она што се смета за едно од најголемите технолошки достигнувања е што неколку британски, американски и канадски тенкови биле направени херметички со водоотпорни преклопни платнени паравани, измислени од унгарскиот инженер емигрант Николас Штрауслер. Ова им овозможило да пливаат и да користат пропелери за да се префрлат на плажите, да ги спуштат параваните и да нападнат како нормални тенкови на суво. „Кенгурите“ биле импровизирани оклопни транспортери, создадени  со отстранување на куполата од различни тенкови. Именувани по животното што ги носи своите младенчиња во торбичка, тие можеле да носат од 8 до 10 потполно опремени пешадинци. Возилото „Светлосна одбрана на каналот“ било најтаинственото од „Хобартовите чудесии“, за кое дури и некои високи сојузнички офицери на теренот не знаеле. Тоа биле тенкови („Матилда II“, „Черчил“, „Валентин“, „М3 Грант“ и „Шерман“) чиишто главни топови биле заменети со рефлектори, дизајнирани да го осветлуваат бојното поле ноќе со светлост со јачина од 13 милиони свеќи за да ги збунуваат и дезориентираат непријателските војници. Сините и килибарните филтри можеле да го сменат очигледното растојание на рефлекторот, а системот на блендата можел да направи светлото да трепери, создавајќи уште поголема конфузија. По тестирањето, било решено дека може да биде премногу несигурно за употреба на Денот Д. Наводно, бил користен само во неколку случаи,  при преминот на реките Рајна и Елба за осветлување на реката и мостовите, а во Индија против толпата за време на немирите во Калкута во 1946 г. Имало и серија на чудни возила кои, наместо да се борат со непријателот, требало да помогнат да им се расчисти патот на другите возила, да се отстранат оштетените возила и да се изградат патишта. Покрај оклопните булдожери „Caterpillar“, некои нормални тенкови „Шерман“ биле опремени со дозерски даски, додека дозерот изграден на тенкот „Кентаур“ бил целосно трансформиран за да служи само како булдожер. Многу од овие генијални машини влијаеле на денешните борбени инженерски возила, на пример оклопните возила за извлекување или тенковите со амфибиски способности. До крајот на Втората светска војна биле направени околу 7000 возила. Во август 1945 г., 79. оклопна дивизија била распуштена. По десантите на Нормандија, сојузниците ги ангажирале  „Хобартовите чудесии“ и во други клучни делови при ослободувањето на окупираната Западна Европа.

Александар Стојчевски



# Самооден повеќецевен ракетен лансирен систем БМ-27 „Ураган“

Како вовед во текстот за БМ-27 „Ураган“ ќе ве потсетиме на основната намена на повеќецевните фрлачи на ракети. Повеќецевните фрлачи на ракети се ракетни орудија на копнената артилерија со коишто се остваруваат силни, изненадувачки и брзи огнени удари по цели од голема важност и големи димензии, на копно и на вода

Повеќецевните фрлачи на ракети се наменети за уништување и онеспособување на непријателска жива сила на отворен простор во реоните на собирање, на позициите за дејство и попречување на брзи непријателски продори; за уништување и онеспособување на материјални средства на отворен простор во реоните на собирање, на позициите за дејство; неутрализирање или уништување на непријателска артилерија на огнени позиции; неутрализирање на воздушни и поморски десанти; неутрализирање или уништување на непријателски командни места и центри за врски во границите на дометот. Во основа постојат два типа на повеќецевни фрлачи на ракети и тоа: со фиксни лансирни цевки (цевки кои не се модуларни, а се полнат рачно или полуавтоматски) и се најкористен и најпрактичен тип на лансери од причина што може лесно и брзо да се маневрира и дополнува со муниција без да се прават одредени постапки за промена на комплетни полнења – цевки (модули) за кои е потребно повеќе време; и втор тип, со контејнери и модули на ракети, каде истите се фиксни во зависност од типот на лансерот и се дополнуваат како комплетен сет на ракети и за нивно полнење е потребно повеќе време и дополнителна проверка.

Повеќецевниот фрлач на ракети БМ-27 „Ураган“ (НАТО индекс 9П140) е проектиран во поранешниот Советски Сојуз. Воведен е во советската армија во касните 1970-ти. Во тоа време истиот бил прв повеќецевен фрлач на ракети од голем калибар. Самиот концепт е развиен од воената индустрија „СПЛАВ“ – Русија, која била водечка воена индустрија за производство на повеќецевни лансирни системи. Главен конструктор на системот бил Александар Никитович Ганичев. Називот „БМ“ доаѓа од рускиот јазик „боевая машина“, што во превод значи „борбено возило – средство“. Од првата оперативна употреба како систем е користен скоро во сите војни и конфликти ширум светот. Во основа системот се состои од 16 цевки со калибар од 220 мм кои се монтирани на возило од типот ЗИЛ-135 (8x8). Дваесет тони тешкото возило го придвижуваат два бензински мотори до максимална брзина од 65 km/h. Кабината на возилото е заштитена од разни дејства како: нуклеарно, хемиско и биолошко. За нишанење и насочување на цевките во основен правец или во правец на зададените елементи за гаѓање системот користи нишанска направа од типот ПГ-1. „БМ-27“ користи разни типови на ракети со калибар од 220 мм. Тежина на една ракета достигнува и до 280,4 килограми. Боевата глава во зависност од типот тежи од 90-100 килограми. 16 ракети од системот може да се истрелат за 20 секунди на растојание до 35 километри. Потребно време за полнење на 16 ракети во системот е 20 минути. Останатите ракети се транспортираат на возило од типот 9Т452. Сукцесивно во Русија овој систем подоцна е заменет со СМЕРЧ системите.
При планирање и одредување на целите, а посебно при реализирањето на планираните огнени задачи, мора да се посвети посебно внимание на сигурноста

на сопствените сили. Под зона на сигурност се подразбира потребно оддалечување на сопствените сили од центарот на сликата на растурање на погодоците на најблиската единица или орудие при гаѓање, поради избегнување на оган врз сопствените сили. Ефикасноста и импресивноста на овој систем е неговата прецизност и ефикасност и површина на покривање со оган по целта која има димензии 650x650 метри (16 ракети истрелани од еден систем би паднале на цел со споменатите димензии). Оддалеченоста на границата на зоната на сигурност е различна на различни далечини на гаѓање, а се определува во однос на: големината на растурање на погодоци по далечина и правец; начинот на подготовка на почетните елементи за гаѓање; степенот на заштитеност на сопствените сили; далечината на летот на убиствените парчиња од ракетите. Лансирниот уред е наменет за истрелување и насочување на ракетите во саканиот правец кон реонот на целите. Лансирниот уред остварува режим на рафална и единечна стрелба. Секоја лансирна цевка се состои од: цевка на механизмот за истрелување, механизам за забравување и контактор. Лансирните цевки се изработени од специјален челик. Сите цевки се потполно еднакви по изглед, должина и тежина, а по функција се независни и постои можност за замена на поединечни цевки. Внатрешната површина на цевката е хромирана за да се заштити од корозија и полесно да се одржува. Во задниот внатрешен дел на цевката, во отворите на бравата за забравување на ракетата се наоѓа коса површина на која се потпира бравата и спречува ракетата да се врати назад. За гаѓање со самоодниот повеќецевен ракетен лансирен систем „БМ-27“ се употребуваат ракети со калибар 220 мм кои се прикажани во делот на ТТ карактеристиките на системот. Ракетите имаат сигурно дејство на температура од -30 до +45°C. Запалката е елемент на ракетата чија задача е да предизвика дејство (активирање) на ракетата при удар во целта или на одредена точка од траекторијата на летот на ракетата. Горната ударна запалка наменета е за моментно фугасната ракета 9М27Ф и е од механички тип. Запалката може да се прилагоди за моментно, кратко забавено и забавено дејство. Запалката ја остварува својата функција на тој начин што дава почетен импулс за активирање на енергетскиот дел (полнење) на ракетата. Почетниот импулс кој запалката го дава на полнењето на ракетата настанува со дејство на елементите на иницијалниот склоп на запалката.
Активирањето на првиот дел на иницијалниот склоп на запалката го овозможуваат разновидни механизми и уреди вградени во телото на запалката, а се врши по механички пат во динамичките услови на летот на ракетата. Запалката според процесот кој запалката го иницира припаѓа на класификацијата на група на запалки со детонатор, а според начинот на дејство во однос на целта припаѓа на класификацијата на група на ударни запалки. Запалката според степенот на сигурност при ракување и гаѓање припаѓа на класификацијата на запалки во групата на осигурани запалки.

Во 2008 година во употреба е воведена модернизирана верзија на БМ-27 која го носи називот БМ-27М (Ураган-1М). Денес и двете верзии се користат во сеуште актуелната Руско-украинска војна.

Славчо Кузманоски



| ТАКТИЧКО – ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА БМ-27 „УРАГАН“ | | |
|---|---|---|
| Калибар на цевката | 220 mm | |
| Начин на полнење | Рачно | |
| Број на цевки | 16 | |
| Домет | 35 800 m | |
| Муниција | 9М27Ф (моментно фугасна)<br>9М51 (термобаричка)<br>9М27К, 9М27К1, 9М27К2 и 9М27К3 (касетна)<br>9М59 (касетна)<br>9М27С (запалива) | |
| Површина која може да ја покрие при оган за ефект со 16 ракети | 426 000 m² | |
| Тежина во борбена положба | 20 000 kg | |
| Должина во маршевска положба | 9630 mm | |
| Ширина во маршевска положба | 2800 mm | |
| Висина во маршевска положба | 3223 mm | |
| Послуга | 5 | |
| Вертикално поле на дејство | од 0 до +55 степени | |
| Вид на стрелба | единечна и рафална | |
| Сигурносно дејство на ракетата | од - 30 до + 45 степени | |
| Потребно време за премин од маршевска во борбена положба (без полнење на лансерот) | 3 минути | |
| Клиренс | 475 mm | |
| Брзина на движење | на асвалтен пат | до 65 km/h |
| | теренски услови | од 30 до 50 km/h |
| Автономија на м/в | 570 km | |
| м/в | лансерот е монтиран на м/в од типот ЗИЛ-135 8x8 | |
| Тип на мотор | Два мотори ЗИЛ 375 со по 180 коњски сили | |



# Територијална воздушна одбрана

Територијалната одбрана како воена доктрина беше воспоставена како компонента на вооружените сили во текот на 1969 г., во рамките на некогашната држава СФРЈ

Ваквиот систем на одбрана претпоставуваше вклучување на сите можни потенцијални капацитети за вооружување и одбранбени цели, со исклучок на тогашната Југословенската народна армија и милиција. Целта беше да се организира најширок облик на вклучување на населението во случај на потреба од општонароден отпор и одбрана на државата од евентуален надворешен непријателски воен атак или агресија.
Всушност, системот на одбрана на сопствената територија, секогаш бил и останува, императивно и стратешко прашање. На системот за одбрана на сопствената држава му се посветувале и континуирано се навраќаат едуцирани воени научници, старешини и аналитичари. Тие создаваат иманентен одбранбен територијален чадор со најефикасно искористување на расположливите техничко-технолошки средства, кадровски потенцијали и пошироки народни маси. Притоа, основната анализа се базирала на географската поставеност и релјефните карактеристики на сопствената територија, како и опфаќање на поширокото население во обуката и формирањето на локални и делумно независни единици.
Тргнувајќи од ваквата премиса и парадигма, од страна на генерал-мајор Тодор Атанасовски, во улога на командант на некогашниот Републички штаб за територијална одбрана (РШТО) на Социјалистичка Република Македонија во рамките на тогашната држава СФРЈ, како и началникот на Територијалната одбрана, генерал-мајор Петар Пепељуговски, беше подготвена сопствена, републичка, военовоздухопловна доктрина. Според неа, во рамките на територијалната одбрана на македонскиот простор беа опфатени и капацитетите на тогашниот Воздухопловен сојуз на Македонија. Воздухопловен сојуз на Македонија ј располагаше со поголем број лесни авиони, едрилици и падобрани, а во неговиот состав влегуваа сите оспособени членови на



аероклубовите, посебно на оние кои располагаа со воздухопловни школи. Таквите клубови, односно школи беа во Скопје, Куманово, Штип, Битола и Прилеп. Врз основа на ваквата поставеност, овој сојуз, до осамостојувањето на државата, имаше статус на организација од посебен општествен интерес.
Во таа насока и генералот Атанасовски, а подоцна и генералот Аспровски, ги опфати неговите клучни елементи и ги вклопи во Воздухопловна ескадрила и Десантно-диверзантска падобранска единица. Во обете формации беа кадровски опфатени воено остручени пилоти и падобранци, со веќе отслужена редовна воена обврска. Нивното воено воздухопловно остручување беше реализирано во рамките на тогашната Југословенска народна армија. Пилотите, со успешно завршена пилотска обука во клупските центри, својата оспособеност за воени дејствија, ја стекнуваа во Школата за резервни офицери на авијацијата (ШРОА). После завршувањето на редовната воената обврска, тие се стекнуваа со статус на борбени пилоти во резерва, со чин потпоручник и можност да останат активни воени офицери на Военото воздухопловство на ЈНА. Дел од таквите пилоти беа регрутирани во ескадрилата за која станува збор. Обучените клупски падобранци својата воена десантно-диверзантска оспособеност ја стекнуваа во рамките на редовниот воен рок, во тогашната Падобранска бригада при ЈНА. И во овој случај, дел од активните спортски падобранци добиваа свој резервен воен распоред во споменатата републичка воена падобранската формација.
Ескадрилата на РШТО, на почетокот се темелеше на авионите од типот „Аеро 3“, „Утва 66“ и „Курир“, за подоцна да бидат заменети со авионите од типот „Утва 75“ и „Вилга“. Набавката на вторите два типа на авиони беа делумно или целосно финансирани од Буџетот на РШТО, а со цел за нивна употреба во насока на градење на територијална одбрана и заштита. Според постоечката стратегија, за нивната употреба беа определени поголем број спортски и стопански аеродроми, но и точно определени и приспособени „ливади“ или т.н. партизански аеродроми.
Падобранската формација на македонскиот територијален Републички штаб, покрај споменатите падобранци, ги опфаќаше и авионите за таа намена. Први беа авионите од типот „Курир“ и „Вилга“, од кои може да скокнат два, односно три падобранци, а со нив управуваа аероклупски пилоти. Според тогашната стратегија, таквите падобрански скокови би се реализирале со цел за извидување на одредени терени или за задниниски упад во непријателска група или воена формација. Наспроти помалите авиони, беа опфатени и авионите и пилотите на тогашната стопанска авијација за хемиско третирање во земјоделството, „Агрохемизација“ од Скопје. Овие авиони беа од типот „Ан -2“ и можеа да понесат 12 падобранци со полна воена опрема. Нивната замислена употреба беше за сложени падобрански активности во кои спаѓаа диверзантски скокови или масовен падобрански десант на одредени непријателски подрачја. Сите споменати активности беа проверувани и реализирани во практиката, преку голем број вежбовни активности. Токму кај нив можеа да се видат на дело воените воздухопловни вештини на пилотите и падобранците чиј репрезент беше тогашниот Воздухопловен сојуз на Македонија. Можеа да се видат слетани авиони на разни планински или котлински рамнини, како и голем број од падобрански куполи кои се приземјуваа на места кои не беа посакувани за човечко присуство.
Со таквите активности македонските аероклубови станаа препознатливи и прифатливи меѓу поширокото население, дури и во најоддалечените рурални средини. Токму со таквите активности, но и многу други, аероклубот „Скопје“ од Скопје, оваа година слави несекојдневен јубилеј, 100 години од неговото постоење. Јубилеј во кој се испреплетени многу историски личности и настани за кои може да се говори и пишува, не само во мојот аеродневник, туку и низ премрежјата на македонскиот простор.

Ѓорги Чачкиров





# Музеј на оклопни возила – „Арсенален“

Музејот на оклопните возила – „Арсенален“ е еден од дваесет и седумте воени музеи кои се наоѓаат на територијата на Кралството Шведска. „ Аресеналеn“ е музеј кој има за цел да го прикаже развојот на оклопот низ историјата но воедно и да ја зачува историјата на оклопните единици на Шведската. Според она што го нуди овој музеј со право е помеѓу првите три музеи во државата

Музејот на борбените возила „Арсенален“ е релативно нов музеј, стар само десетина години. Сместен е во градот Харад во источниот дел на Кралството Шведска. Огромниот значај кој му се придава на овој музеј го покажува фактот дека инагурацијата на музејот на 17 јуни 2011 година ја изврши актуелниот крал на Шведска Карл 16. Густав. Иако музејот е воден и во сопственост на приватна непрофитабилна фондација истиот е дел од мрежата на музеи кои спаѓаат во Шведското воено историско наследство (ШВИН). Во својата колекција музејот брои околу 380 различни видови на возила од кои 75 се изложени во музејот, воедно музејот е главен склад за борбени возила на ШВИН. Бројот на посетителите после пандемијата е во пораст и во 2022 година музејот има над 31 000 посетители. Во 2023 година музејот ќе се прошири за дополнителни 500м2 со што ќе го зголеми изложбениот простор. Моментално експонатите се изложени во еден хангар кој е поделен во два поголеми сегменти и неколку постојани поставки. Во самиот музеј има дополнителен дел, т.е. музеј во музеј во кој се изложени голем број на метални воени фигури. Во склоп на надворешниот дел на музејот постои објект во кој има постојана музејска поставка посветена на животот на војниците и нивните семејства во средината на 1800-тите. Музејот во својата колекција има претежно возила кои ги има користено Шведската армија, но има и доста оклопни возила и тенкови од други земји, воедно музејот често пати врши размена на експонати со други музеи. Последен тенк кој во 2022 година беше позајмен од музејот Бовингтон – Обединето Кралство беше „Tiger II“, познат како „King Tiger“, кој е

единствениот преостаната примерок од овој вид.
Посетата на музејот започнува со двете возила кои се изложени пред самиот влез во главниот хангар, тоа се оклопниот транспортер „Pansarbandvagn 301“ и тенкот „IKV 91“ и двете возила од шведско потекло. Веднаш после влезот во објектот наидувате на првите експонати во музејот кои се посветени на периодот од Првата светска војна и почетоците на оклопните возила. Тука се истакнува примерокот од првиот шведски тенк „Strv m/21“ кој после 4 години реставрација е доведен во возна состојба. До него се поставени тенкот „Renault NC 27“ кој е еден од последните преостанати примероци во светски рамки, возилото за поддршка „Carden-Loyd MKVI“ и транспортно возило со погон 4x4. По одминувањето на овој дел наидувате на поголема поставка во која се опфатени возила од Втората светска војна. Во овој дел, покрај возилата произведени и користени од Шведските вооружени сили, изложени се и експонати и од други држави. Експерименталното возило „L-30/Strv fm/31“ е првото возило кое го воочувате во оваа поставка, по него следуваат германскиот „Panzer I“, руският амфибиски тенк „T-37“ еден од севкупно два преостанати примероци во светот, следуваат „Stridsvagn M38“, „Strv m/37“, „Pbil M40 Lynx“, еден од севкупно 40 произведени, „L-60-S III“,„Strv m/42“, „SAV M-43“, единствениот произведен примерок од „L-170“ или „Pbil fm/29“, „M-4 Sherman Firefly“ , „Jagdpanther“, „T-34“ и други возила. Следната поставка е посветена на опремата после Втората светска војна и периодот на Студената војна. Шведското возило „Pvkv m/43“ вооружено со 75 мм топ е првиот експонат на кој наидувате во оваа поставка по него следат противавионскиот




„Lvkv fm/43“, самоодната хаубица „Akv 151“, шведскиот тенк „Strv 74“, оклопниот транспортер „PBV 301“, британскиот тенк „Centurion“ дополнет со полуприколка за дополнителни 900 литри гориво. Во склоп на поставката низ зимска диорама изложен е и Шведскиот лесен тенк „SAU Ikv 91“ попратен со камион цистерна и ОТ „M113“ за поправка и одржување. Последната поставка е посветена на тенковите и оклопните возила од странско производство и оклопните транспортери кои се користени во мисии. Експонатите во овој дел започнуваат со британскиот тенк „Chieftain“, а по него следат руският тенк „T-72“ и „T-55“ кој е претставен со бочен пресек и може да се види тесниот простор во внатрешноста на тенкот каде функционира посадата. Покрај нив е поставен и еден примерок од тенкот „Leopard 2 A5“ кој моментално е на употреба во шведските вооружени сили. По ова следи дел посветен на оклопните транспортери кој започнува



со „HMMWV 1151“, а е следен со „Bv 208S“ еден од двата произведени прототипа. Конкретното возило е користено од страна на шведската армија за време на мисијата на силите на ОН во Македонија. Во овој сегмент се изложени и оклопното возило „M8 Greyhound“ користено во мисијата во Конго, „Daimler Ferret MK2“ користено во мисијата во Кипар. Последни во поставката во музејот се шведскиот тенк „Strv 103 S“, американскиот оклопен транспортер „M113“ и руският „MT-ЛБ“. Изложбениот простор во музејот е збогатен со богата колекција на лесни возила, артилериски орудија, транспортни возила итн.
Музејот во два наврати во текот на годината организира отворени денови т.е денови кога дел од возилата кои се во возна состојба се вадат надвор од музејот и се возат пред публиката притоа демонстрираат дел од нивните способности. Влезниците за музејот на оклопни возила изнесуваат 11,5 € за возрасни, за пензионери 9 €, за млади од 12 до 17 години 6 €, додека за деца од 0 до 11 години влезот е бесплатен. Работното време на музејот е од среда до недела од 11.00 до 16.00 часот. Последното издавање на билети е еден час пред затворање на музејот. Потребно време за посета на музејот во целост од 1 час до 1 час и 30 минути. Во склоп на музејот има и кафе ресторан и продавница за сувенири. На локацијата од музејот често пати се организираат различни културни настани, а воедно еднаш годишно се реализира и отворен ден кога дел од возилата кои се во возна состојба се изнесуваат надвор и ги демонстрираат своите можности. Иако музејот е мал по големина и е нов по старост со својата богата понуда на различни возила и опрема е вреден да се посети.

Златко Блажески

# Традиционална активност по повод Денот на ОРОРСМ

Согласно Програмата за обука на резервните офицери и подофицери во 2023 година, а по повод 71 година од формирањето на Организацијата на резервни офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ) – 29 април 1952 година, во Тетовскиот Регион на правецот Лешок – Вратница – Беловиште – Петачко Водиче, се организираше еднодневна активност со повеќе содржини: кондиционо-едукативен марш, запознавање со културно историските знаменитости и воено стручно предавање. На активноста учествуваа преку стотина резервни офицери и подофицери од ООЕ на ОРОРСМ од Западниот Регион (Тетово, Кичево, Охрид, Битола, Демир Хисар, Прилеп и Македонски Брод) и од Градската организациона единица



на Скопје. Според Програмата, прво се посети Лешочкиот манастир каде за културно-историското значење на ова духовно светилиште свое излагање имаше протојереј Ставрофор Мирко Станкоски, а потоа претседателот на ООЕ Тетово м-р Радислав Коруноски даде информации и насоки за реализирање на активноста. При реализирањето на маршот, во Вратница се посети Обелискот на паднатите борци во НОБ од тој крај, каде членот на Комисијата за традиции при ОРОРСМ Божин Милосавлевски имаше кратко обраќање. На целната точка – Петачко Водиче, учесниците имаа можност да се запознаат со флората и фауната на овој крај, а по краткиот одмор на присутните им се обратија претседателот на ОРОРСМ д-р Гоце Георгиев и потпретседателот Зоран Кироски. Од областа на воено-стручните предавања ја проследија темата „Северозападниот стратегиски правец и зона на одговорност" од потполковник Игор Станковски, командант на 3. пешадиски баталјон и Тетовскиот гарнизон.

# Годишна отчетна седница на Собранието на ОРОРСМ

На 28 април, во Скопје во Домот на Армијата се одржа годишна отчетна седница на Собранието на ОРОРСМ со која раководеше претседавачот Владимир Николов. Седницата се одржа во проширен состав и во два дела, свечен и работен. На свечениот дел, по повод 71 година од формирањето на ОРОРСМ, 29 април 1952 година, беше прочитан реферат од претседателот д-р Гоце Георгиев и воедно му беше врачена плакета на министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски, за особен придонес во развојот и унапредувањето на Организацијата, кој потоа со пригоден говор им се обрати на присутните резервни офицери, истакнувајќи дека Организацијата има огромна важност во системот на одбрана и безбедност и затоа треба сите од секој аспект да помогнеме да продолжи да се развива Организацијата, притоа напоменувајќи дека помеѓу Министерството за внатрешни работи и Организацијата е потпишан Меморндум за соработка. По свечениот дел се продолжи со работниот дел на кој се презентира Информацијата за остварените плански активности во првото четиримесечје од 2023 г., за кое беше дадена позитивна оценка. Интензивираните активности на републичко и на локално ниво, кои се координираат од ИО на ОРОРСМ, а логистички се поддржани од МО и ГШ на АРСМ, се најдобра потврда за мотивираноста, степенот на организираноста и придонесот на оваа национална асоцијација на резервниот старешински кадар во функционирањето на одбранбениот систем. На овој работен договор на Собранието беа покренати поголем број актуелни прашања и усвоени Финансовиот извештај за 2022 г., Финансовиот план за 2023 г. и други документи и одлуки значајни за функционирањето на Организацијата.



# Одбележани значајни историски датуми

На 4 мај 2023 година, по повод 120-годишнината од убиството на македонскиот великан, апостол на македонската револуционерна борба, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на 19 и почетокот на 20 век, Гоце Делчев, делегација на ОРОРСМ предводена од претседателот на Градската организациона единица на Скопје, Душко Наксовски, придружуван од активистите Златко Илиевски и Јован Букревски, во знак на почит кон великанот положи свежо цвеќе пред неговото вечно почивалиште во црквата „Свети Спас" во Скопје. Истиот ден, со истиот повод свежо цвеќе положија и: делегација на Општинската организациона единица на ОРОРСМ Куманово, пред бистата во СОУ-Гимназија „Гоце Делчев" претставувана од членот на ИО на ОРОРСМ Синиша Богдановски и членот на Извршниот одбор Тимчо Петровски, како и делегација на Општинската организациона единица на ОРОРСМ Делчево претставувана од претседателот на ИО Светлана Илиевска и членовите на ИО Васко Станковски и Драго Стојменовки, која свежо свеќе положи пред споменикот на Делчев во центарот на градот.
По повод 9 мај Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, основните организациони единици на



Охрид, Тетово, Струмица и Делчево со свои претставници се вклучија во одбележувањето на овој значаен историски ден и воедно положија свежо свеќе пред спомен обележјата посветени на НОБ.

Тони Мицевски




# Мамеле, мамиме, нè мамат

*Измамата како еден од најстарите занаети на светот е и најчесто употребуваниот збор во последните два века. Денес, таа е научна дисциплина во која егзистира една третина од човештвото, а најголемиот измамник во нашата историја, според профитот, се вика Бернард Мејдоф, современиот ученик на славниот Понзи. Епитетот ненадмилив и понатому стои покрај името на Виктор Лустиг, човекот што дури два пати ја продал Ајфеловата кула*

Патот до погореспомнатиот измамник Бернард е проследен со милиони потфати на неговите другари и другарки по професија, и благодарение на изумот на Гутенберг, имаме можност да се запознаеме со сите кои во најстариот занает оставиле епохални недела. Според квалификуваните енциклопедии и толкувачи, измамата е заемна работа на итри изманици и лесноверни наивци. Поедноставно кажано, станува збор за две страни заинтересирани за лесно остварување на материјална и друга корист. Потоа, нема област во човековото битисување која не е закитена со измами чија штета се мери со стотици милијарди американски долари.

До средината на 18 век, измамите не се класифицирани ниту статистички обработувани, бидејќи се подразбирале како нормална појава и исконски придружник на секоја работа. Така било сè до 1770 г., кога во Лондон се појавил робот непобедлив во играта шах. Пронаоѓачите на тој „епохален“ изум останале непознати, но познато е дека за неколку месеци заработиле многу пари, нешто од јавно покажување на „шаховскиот гениј од железо“, а многу повеќе од живи шахисти на кои им била нудена голема награда доколку го победат роботот. И кој знае до кога би траела измамата со роботот, да не се случило на него да налета вистински велемајстор. Имено, тој на сопствениците им рекол дека ќе вложи пари колку тие ќе побараат, но, за возврат, да му платат дупло повеќе доколку го победи „роботот“. Така било откриено дека „роботот“, всушност бил човек обвиткан во специјален оклоп.

**Понзи и неговата пирамида**

Кога од Луго (Италија) стасал во Америка, Чарлс Понзи решил својот сон да го оствари подалеку од лопата и дурија, алатките што на почетокот на минатиот век биле резервирани






завитка над 13.000 граѓани и спечали преку 60 милиони марки. Таа на душа носи и стотина измамени штедачи од кои некои се самоубиле, неможејќи да се соочат со својата лековерност.

**Лустиг – кралот на измамниците**
Кога на еден од последните судски процеси (а ги имал 47), судијата го прашал Виктор Лустиг што е по професија, тој одговорил, „Јас сум трговски чирак“. Ако тоа за себе го рече човекот што, меѓу останатото, неколку пати ја продал Ајфеловата кула, тогаш тој навистина е личност достојна да го понесе епитетот најголем измамник во нашата цивилизација. Според заслугите на полето на измами, малку е веројатно дека таа титула некој ќе му ја загрози до крајот на овој милениум. Станува збор за Евреин, роден во малото гратче



за Европејците кои во бранови го заплискувале Новиот свет. Две години талкал низ поголемите градови, постојано размислувајќи како лесно и брзо да се збогати. И смислил генијален систем за правење пари, таканаречена пирамидална заштеда. Со печалот од работата во најголемата пошта во Вашингтон, отворил мала канцеларија и дал оглас во неколкуте тамошни весници, нудејќи незамисливо високи камати за сите што ќе штедат во неговата компанија. И се разбира, најлесноверните жители во американската престолнината тргнале да ги вложуваат своите зачувани пари. Некои од нив, сакајќи да проверат дали новата „банка“ навистина дава толкава камата, по два месеци побарале да им се врати  влогот, сосе каматата. Бидејќи таквите биле во мал број, Понзи им излегувал во пресрет. Истите  му направиле невидена реклама, фалејќи се дека за кратко време, вложените пари ги удвоиле. Генијалниот измамник објавил дека висината на каматата на влогот пропорционално расте со времето, односно дека за една година таа изнесува педесет проценти. Кога на тој начин навистина се збогатил, Понзи побегнал во Канада, оставајќи ги своите клиенти и без влогот и без каматата.
А дека навистина станува збор за генијална измамничка шема, единствената која е позната под името на нејзиниот творец, покажуваат и примерите од сите краишта на светов. Формулата на Понзи успешно е применета и на балканските простори. Во Србија, односно во тогашната СФРЈ, пирамидата на Понзи ја практикуваа прочуените газда Језда и Дафина, а во нашата земја, слава, пари и зандана спечали Битолчанката, Соња Николовска. Двоецот од Србија, Јездимир Васиљевиќ и Дафина Милановиќ, преку своите штедилници „Југоскандик“ и „Дафимент банка“, ограбиле над 300 илјади штедачи, заработувајќи пола милијарда германски марки. Нивната пријателка од Македонија, Соња Николовска, во црно



Хостин, во некогашната Австроунгарска Монархија, кој во аналите на измамата ќе влезе со неполни 19 години. Виктор Лустиг, веројатно, би бил генијален и на полето на археологијата, да не се случило во текот на студиите во Париз, да не почнал да се коцка. Бидејќи комарот го преокупирал повеќе од археологијата, тргнал да бара најлесен начин да спечали пари за коцка. Од некој познаник дознал дека до лесна заработувачка може да се дојде на некој прекуокеански брод, посебно во првата класа во која патуваат парајлиите. И, се качил на едно такво пловило, и на релација Марсеј – Њујорк почнал да им гата на богатите патници. Спечалените пари набргу ги прокоцкал, па тргнал во нова авантура. Во некој од париските весници прочитал дека градските татковци имаат проблем со одржување на Ајфеловата кула, и му текнала генијална идеа. Најпрвин, отишол кај еден од трговците со старо железо и се претставил како државен службеник задолжен да најде најдобро решение за судбината на „куп железо“ што стои среде Париз. Бидејќи трговецот рекол дека самиот не може да го плати железото од Ајфеловата кула, на Лустиг му предложил тој да ги свика и другите негови колеги, па тие заеднички да му излезат во пресрет. Откако во два



наврати лесно ја продал Ајфеловата кула, со спечалените  неколку стотици илјади франци, несудениот археолог побегнал во Америка и таму продолжил да смислува и реализира генијални измами. Едната од нив е машина за фалсификување банкнота од 100 долари. Првата ја продал за 30.000 долари, а на купецот му рекол дека копчето за печатење треба да го активира половина час откако печатарот ќе го вклучи во струја. Демонстрирајќи му ја работата, Лустиг испечатил само три банкноти, ги собрал парите од продажбата и купецот го оставил да чека нов старт на печатарот. Се разбира, во машината ги вратил трите банкноти, доволно да го израдува наивниот купец. Имено, машината за правење пари потоа исфрлала само чиста хартија.

**Го „закрпил“ и Ал Капоне**

Во триесеттите години на минатиот век, за време на големата економска криза, во една биртија во Чикаго, Виктор Лустиг слушнал како некој рекол дека во државата нема човек што смее да го измами Ал Капоне. Тоа за него бил предизвик и веднаш смислил начин како да го стори токму невозможното, да го измами кралот на мафијаште. Имено, се намачил како да стаса до големиот мафијаш, но кога се нашол во неговата луксузна вила, му побарал парична поткрепа за реализација на потфат кој може да донесе големо богатство. Капоне, тогаш на својот мафијашки врв, на Лустиг му излегол во пресрет и му позајмил 50.000 долари, со договор да се сретнат по два месеца, кога и требало да започне најлесното собирање долари.

Во договорениот рок, Лустиг стасал кај Ал Капоне и му ги вратил парите, признавајќи дека искрснале ненадминливи проблеми во реализацијата на неговиот проект. По пат, на мафијашот му рекол дека попусто ги потрошил своите 5.000 долари и дека останал без денар. Ал Капоне му ја дал таа сума долари, бидејќи бил воодушевен од чесноста на Лустинг. А неговиот проект бил споменатите 50.000 долари два месеца да ги чува дома, потоа да му ги врати на мафијашот и на најлесен начин да спечали 5.000 долари. Неколку месеци по бизнисот со Ал Капоне, Лустиг влегол во нов измамнички потфат. На едно патување со воз, во Небраска, се запознал со двајца истомисленици, фармацевтот Вилијам Вотсон и хемичарот Том Шо и тргнале во фалсификување долари. Вилијам и Том изгравирале плочи за печатење долари, а Лустиг организирал цела чета дистрибутери на фалсификуваните банкноти. Во најголемиот процут на новиот бизнис, Лустиг направил евтина измама со родената жена и завршил на суд, а потоа и на отслужување на единаесетгодишна казна затвор. Имено, се впуштил во љубовна врска со љубовницата на еден од своите партнери и кога за тоа дознала неговата жена Били Меј, веднаш на полицијата ѝ дојавила дека нејзиниот маж се занимава со фалсификување на пари. На 11 март 1947 година, во затворската болница во Спрингфилд, Мисури, престанало да чука срцето на еден од најголемите измамници во нашата цивилизација, кој се преставувал како трговски чирак.

**Библиска алчност на господинот банкар**

Според спечаленото што го остварил за дваесетина години, американскиот Евреин, Бернард Мејдоф, останува трајно ненадминлив измамник. Во мигот кога на неговата врата затропале агентите на Федералното биро, Мајдоф располагал со 65 милијарди туѓи пари. Ако се гледа според личниот и семејниот статус на Бернард Мејдоф во времето кога тргнал по патеката на својот славен претходник, Чарлс Понзи, се поставува прашањето - има ли алчноста граница. А одговорот гласи – има, само кога нејзиниот сопственик ќе стаса пред портата на Свети Петар. Првите големи пари нашиот јунак ги спечалил како директор на њујоршката берза „Насдек“. Токму во тоа време, во почетокот на шеесеттите години од минатиот век, основал брокерско друштво кое потоа прераснало во најголема измамничка институција во САД. А се започнало кога угледниот берзански бизнисмен Мејдоф прочитал сторија за животот на подзаборавениот финасиски махер, Чарлс Понзо. Но, за разлика од својот несуден учител,



Мејдоф имал доволно пари без мака да започне изманички бизнис. Со помош на шемата на Понзи, преку ноќ станал човек што дава највисока камата за сите што своите пари ќе му ги доверат на чување. На таа мамка се фаќаат и најчесните, но со исконски порив на алчноста, а меѓу таквите, најславните клиенти на Мејдоф биле Стивен Спилберг, актерот Кевин Бејкон, нобеловецот Ели Физел и уште 37 илјади  души, ловци на лесна заработувачка. И се разбира, исконската вистина дека измамата има долги нозе и краток чекор, се потврдила и во случајот Мејдоф. Во декември 2008 г. се случил крајот на бизнисот на лажниот филантроп, Бернард Мејдоф. А апсурдот да биде потполн, на полицијата Мејдоф го пријавиле неговите синови, откако од него дознале за неговите измами. Соочен со факти,  Мејдоф пред судот ја признал секоја точка од обвинението и потоа бил осуден на затворска казна од 150 години, најголема можна во САД. Во 2017 година за животот и делото на најголемиот финансиски изманик е снимен филм „Волшебникот на лагите“, а него, Бернард Мејдоф, го овековечува славниот Роберт де Ниро.

Миле Раденковиќ



# Отон Ивековиќ – сликар на хрватската национална историја

Отон Ивековиќ е познат хрватски сликар од 19 век, кој поради неговото инсистирање да прикажува теми од животот на познатите хрватски семејства Зрински и Франкопан, уште за време на студиите го добил прекарот „Зрињималер“

Отон Ивековиќ е хрватски сликар роден во градот Клањец во Загорје, на 17 април 1869 година. Учел во државно училиште во родниот град, а од самиот почеток покажал интерес за цртање и историја, што во голема мера ќе ја карактеризита неговата креативност низ целиот живот и творештво. За почеток запишува студии во Загреб, каде ги изучувал основите на цртањето кај Јоханес Клаузен, Хафнер и Ферда Кикерез, но и покрај тоа што му било предложено да го заврши занаетот за самосликање, Ивековиќ имал преголема желба да стане комплетен сликар. Затоа, пеш тргнал кон Виена, каде во 1887 година бил примен на тамошната академија, а сето ова по сугестија на Иса Кршњав кој бил влијателен политичар, писател, историчар на уметноста и сликар, кој, секако, и финансиски го поддржувал младиот Отон Ивековиќ во овие намери, а подоцна му ја давал неопходната поддршка и при студирањето на Ликовната академија во Минхен. Како приемен труд за упис на Академијата Отон Ивековиќ ја создал првата верзија на „Збогувањето на Зрински и Франкопан со Катарина“, целосно под влијание и начин на сликање како и неговата учителка Ферда Кикерез. Поради неговото инсистирање да прикажува теми од животот на семејствата Зрински и Франкопан, уште за време на студиите го добил прекарот „Зрињималер“. Еден од таквите прикази е „Програбата“ на Никола Зрински од Сигет, во која тој се осврнува на францускoто историско сликарство, ставајќи го главниот лик во центарот на композицијата и истакнувајќи го со светлина. Во сликата наоѓаме карактеристики на кои сликарот ќе им остане верен во сите историски претстави. Враќањето на Отон Ивековиќ во Загреб го означува и почетокот на интензивното дружење со Влахо Буковац. Отон Ивековиќ, против желбата на Иса



Кршњавог, се приклучува на кругот на Буковч и сака да се приклучи на Друштвото на хрватските уметници. Дружењето со Буковац придонесува за усовршување на неговата техника и осветлување на палетата. Почетокот на дваесеттиот век му донесува на Отон Ивековиќ промени и на креативен и на приватен план. Ивековиќ влегува во конфликт со Влахо Буковац, што резултира со напуштање на Друштвото на хрватските уметници.
Конфликтот, кој Исо Кршњави го окарактеризира како конфликт меѓу „двајца насилни луѓе“, настанал поради несогласувања околу поставувањето на австроунгарската изложба во Петроград. И покрај расколот, Буковац извршил посебно влијание врз креативноста на Отон Ивековиќ, што е особено забележливо во осветлувањето на палетата. Истата 1900 година, Ивековиќ учествувал на Светската изложба во Париз, каде што ја освоил гран-при наградата за делото „Жена со дете“.
По избувнувањето на Првата светска војна, Ивековиќ со помош на Стјепан Радиќ заминал на фронтот, каде три години снимал сцени од војничкиот живот на боиштата во Соча, Галиција и Србија. Со крајот на војната и враќањето во татковината, Ивековиќ со семејството се преселил во градот Велики Табор. Станува член на „Братството на хрватскиот змеј“, а се решил на овој чекор водејќи се од романтичната желба да го обнови тој стар град. По завршувањето на специјализацијата во Карлсруе, се вработува во Загреб, каде што првично бил назначен за учител по сликарство во Гимназијата „Реал“, а веќе следната година станал учител по сликарство во Занаетчиското училиште, каде што ќе предава до пензионирањето.
Покрај тоа што се занимава со сликарството, Отон Ивековиќ работи и како илустратор, сценограф, костимограф и уредник на списанија и воен известувач, организира изложби и се занимава со новинарство. Зад себе остава богат творечки опус кој се одликува со широк спектар на теми, носејќи претстави на пејзажи, портрети, жанровски сцени, сцени од воениот живот, сакрални композиции и историски претстави, по кои е и најпознат. Семејството Ивековиќ го напуштило Велики Табор во 1935 година, а три години подоцна имотот го купила управата на Банска. Отон Ивековиќ во овој период се разболува и исцрпен од болеста сликарот последните години од животот ги поминал со својот брат Албин во Клањец. Починал во родниот град Клањец, на 4 јули 1939 година. Старите Клањечки гробишта денес се Меморијален парк во кој, покрај сликарот на хрватската историја – Отон Ивековиќ, свое вечно почивалиште ќе најде и писателот на хрватската национална химна, Антун Михановиќ.

м-р Трајче Чатмов







# „Чај со Мусолини“ Уметноста и културата во време на војна

Филмот „Чај со Мусолини“, кој жанровски е определен како комична воена драма, е филм на познатиот режисер Франко Зефирели, и е филм кој изобилува со атобиографски моменти од неговото детство пред и за веме на Втората светска војна во Фиренца за време на фашистичка Италија. Филмот е шармантен, забавен, со комични елементи и со запазена естетска вредност. Централниот лик во фимот „Чај со Мусолини“ е детето Лука (Чарли Лукас), дете на кое мајката му е почината, а татко му го напушта и кое е принудено да живее во сиропиталиште. Еден ден Лука бега од сиропатилиштето и оди кај англиската дама Мери Волес (Џоан Пловрајт), која живее во Фиренца и е подготвена да се грижи за него, заедно со нејзините пријателки лејди Хестер Рандом (Меги Смит), вдовица на поранешен британски амбасадор во Италија, Арабела (Џуди Денч), уметница и голем љубител на уметноста, Американката Елза Моргантал (Шер), богата американска социјалистка и Џорџи Роквел (Лили Томлин), американски археолог и нескриена лезбејка. Секоја од овие пет неверојатни дами дава свој придонес во воспитувањето на Лука. Тие кај ова момче ја развиваат љубовта кон уметноста и му овозможуваат игрив, разновиден и убав живот, притоа запазувајќи го неговиот морал и хуманост. Сржта и шармот на филмот „Чај со Мусолини“ се токму извонредно креираните ликови на овие пет дами, кои со своите карактери отскокнуваат од италијанската средина и секоја дама е приказна сама за себе, но љубовта и грижата кон Лука ги поврзува сите нив во едно несебично заедништво. Но, кога Италија влегува во војна во 1940-тата година, стабилноста на ова силно заедништво е разнишана.

Може да се каже дека филмот „Чај со Мусолини“ е поделен на неколку дела, кои опфаќаат неколку историски периоди. Во првиот дел настаните се движат лесно и континуирано, запознавајќи нè постепено со сите англиски дами, како и со Американките Елза и Џорџи. Тие веруваат дека се заштитени од страна на Мусолини, кој тоа им го има ветено



на една чајанка организирана од страна на леjди Честер. Оттаму доаѓа и името на филмот „Чај со Мусолини“. Но, веќе во вториот дел кога се опишува воениот период и Мусолини решава да стапи во војна, тој лесен тек на филмот е нарушен и сме соочени со тоа да гледаме серија од фрагментирани кадри од животите на дамите и младиот Лука (Берд Волес) во воени околности. Политичката ситуација во Италија сè повеќе се влошува и дамите, дотогаш безбедни, чувствуваат дека нивната слобода и статус полека исчезнуваат. Таткото на Лука веруваа дека иднината лежи во Германија и го праќа Лука во австриско училиште. Пет години подоцна Лука планира да студира уметност во Фиренца, користејќи го фондот за образование кој му го има оставено Елза. Сега Британците, вклучувајќи ги и неговите дами, Мери, Арабела и Лејди Хестер се принудени да ја напуштат Фиренца, додека Елза и Џорџи остануваат во Фиренца. Лука, сепак, одлучува да не студира уметност, туку парите од фондот ги дава на Италијанското движење на отпорот. Во 1945 г. на дамите им се нуди да бидат евакуирани од Италија од страна на шкотските гарди, меѓутоа тие одлучуваат да останат во Италија и да си продолжат со своите привремено прекинати животи. Мери е особено горда на Лука кога ќе го види облечен во британска униформа во улога на италијански преведувач како вистински „англиски џентлмен“. Иако вториот дел од филмот обработува трагични моменти од перид на војна, сепак, не изостануваат комични елементи и ироничи дијалози.
Филмот „Чај со Мусолини“, на интересен начин документира еден специфичен период од италијанската историја низ



очите на петте дами и момчето Лука.
На крајот, филмот „Чај со Мусолини“ има соодветен хепи енд, бидејќи сите ликови се повторно безбедни, а Лука станува уметник, писател и режисер на филмот. Тоа што дејствието на филмот „Чај со Мусолини “ се одвива во Италија, поточно во Фиренца, го прави особено естетски задоволувачки. Почетните сцени кои се одвиваат по улиците на Фиренца изобилуваат со типични италијански ликови, убави пејзажи и питорескни улици, што ни ги доловува сите убавини на вековната уметност на Фиренца и нејзините жители. Тоа што посебно е импресивно е што филмот „Чај со Мусолини “ е снимен при крајот на деведесеттите години, а сепак, улиците се неверојатно автентични и успеваат да ги транспортираат гледачите да уживаат во естетиката на времето веднаш пред војната, нудејќи вистинска наслада за нивните очи, не само од аспект на архитектура туку и од аспект на костимографија. Филмот, на некој начин, е контраст помеѓу војната и деструкцијата и уметноста и хедонизмот. „Скорпионките“, како што ги нарекуваат петте дами, се издигнуваат над секојдневните обичаи и политики на Италијанците во тоа време, тие отскокнуваат од масата, пред сè заради нивната бескрајна воодушевеност и обожавање на италијанската уметност и култура. Нивното одбивање да ја напуштат земјата во воениот период е презентирано како акт на хероизам. Тие, со своето однесување ја банализираат војната со сета нејзина сериозност и трагичност.
За овој филм ќе заклучиме дека спаѓа во филмовите кои даваат посебен придонес во кинематографијата на дваесеттиот век. Филмовите како медиум имаат посебна моќ да влијаат врз масите, а одредени филмови успеале не само да ја забавуваат публиката туку и да ја едуцираат, да ги подобрат меѓучовечките односи, да ги скршат бариерите и да ги трансцедентираат границите на повеќе нивоа. Токму таков филм е филмот „Чај со Мусолини“.

Кристина Трајановска.



**Режија:** Франко Зефирели

**Улоги:** Шер, Џуди Денч, Џоан Пловрајт, Меги Смит, Лили Томлин, Чарли Лукас, Берд Волес, Масимо Џини, Паоло Сеџанти, Мајкл Вилијамс

**Жанр:** биографски военоисториски трилер

**Сценарио:** Џон Мортимер, Франко Зефирели

**Продуцент:** Клив Парсонс, Рикардо Тоци, Џованела Ѕанони, Фредерик Мулер, Марко Чименз, Пипо Пискиото

**Кинематографија:** Дејвид Воткин

**Музика:** Стефано Арналди, Алесио Влад

**Монтажа:** Тарик Анвар

**Година:** 1999

**Јазик:** англиски, италијански

**Земја:** Италија, Велика Британија

**Времетраење:** 136 минути

**Буџет:** 12 милиони долари

# Манастирот „Трескав



Манастирот „Трескавец“, рај под Златоврв, двапати го одзема здивот. Еднаш кога ќе решите да се искачите по стрмниот планински пат пешки, или пак со возило, а вториот пат кога ќе стигнете во манастирот, кога ќе се воодушевите од погледот кој широко се отвора пред вас, гледајќи ја пелагониската рамнина.
Манастирот Трескавец со црквата „Успение на Пресвета Богородица“, е на десетина километри од Прилеп кога се оди кон Македонски Брод. Издигнат е на самото плато под врвот. Духовен континуитет е на македонскиот народ, кој во себе крие многу тајни. Околу него бројни грамадни карпи на кои е запишана историјата на човечкото присуство тука, горе во височините. Над манастирот се издига Златоврв, кој како венец ги опколува манастирските ѕидини. Што ќе видите кога ќе се искачите горе?
Ќе ја видите во средината црквата „Успение на Пресвета Богодица“, која потекнува од 13 век, која се подготвува да се реконструира и надворешно и внатрешно, бидејќи има загрозен живопис од 14 век, а околу неа новоизградените конаци, кои сè уште не се во функција, бидејќи се чека изградбата на резервоарот со вода. Надворешноста од некогашната трпезарија, која наново ќе се реконструира.
Откако ќе запалите свеќа, неминовно ќе посакате да го истражите теренот околу манастирот. Ќе ве пленат грамадните карпи со многу приказни, преданија, насликани фрески, но и тишината која се шири на секој чекор. Ќе се воодушевите од ширината на пределот, од непрегледноста или од достижноста во височините. Секој кој ќе појде во манастирот „Трескавец“ под Златоврв, ќе разбере за историјата, а кога ќе се врати ќе му останат убавите спомени од рајот во недопрената природа.

Текст и фото
Каролина Мицевска
Зоран Василески

# вец" – рај под Златоврв















